# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## од Третото продолжение на Седумдесет и осмата седница на Собранието на Република Македонија,одржана на 5 јули 2001 година

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија,сала 1 ,со почеток во 12,35 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Стојан Андов, претседател на Собранието на Република Македонија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ги молам службите да го утврдат точниот број на присутни пратеници во салата.

Во салата имаме 61 пратеник.

Продолжуваме со работа по 78-та седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Љатиф Пајковски и Мирко Иванов , ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и Собранието може полноважно да одлучува.

Има збор г-динот Бесник Фетаи, министер за економија во Владата на Република Македонија.

**БЕСНИК ФЕТАИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници.

Доколку може како прва точка на денешната седница да биде Законот за ратификација на Договорот за слободна трговија со Украина , поради извозот на сезонските земјоделски производи од РМ во Република Украина.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Брањето е сега веднаш да расправаме по оваа точка, а не да биде тоа прва точка од дневниот ред.

Дали се согласувате со овој предлог, (Се согласуваме).

Мнуваме на 43-та точка од дневниот ред - Предлог за донесување на закон за ратификација на Договорот за слободна трговија помеѓу Република Македонија и Украина , со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор?

За збор се јави г-динот Александар Гештаковски.

**АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:**

Г-дине претседателе, почитувани претставници на Владата.

Точно е дека ратификацијата на Договорот за слободна трговија меѓу Република Македонија и Украина е подолг период во собраниска расправа . Мораме на почетокот да признаеме дека и пратениците имаат одредена вина за нератификување на овој Договор односно не ставање на дневен ред , бидејки, јас морам да укажам, дури кога беше актуелен пласманот на јаболката. Голема вина има Владата на Република Македонија и на Министерството за стопанството, особено на Министерството за земјоделие иако кај индивидуалните земјоделци се влеваше надеж дека во Украина ќе се воозможи пласман на јаболкото, како голема земја, со голем пазар, Но во тој дел морам да изразам една резерва, бидејки со предложениот текст на Договорот за ратификација, поточно во протоколот б - Анекс-1, иако одамна помина пласманот на јаболката дојдоа другите производи, јаболката не е ставена на листата на можни производи за размена со Украина.

Прво мислам министерот треба да ни го објасни тоа , што го реков, иако од страна на Владата од одредени претставници тоа ни се ветуваше. Но сега кога сум тука сакам да кажам и за некои други елементи по однос на склучените спогодби за слободна трговија, и оваа спогодба.

Од страна на претходните влади и на оваа Влада, за развој на стопанството во РМ се даваше голема надеж дека со спогодбите за слободна трговија имаме голем напредок во однос на пласманот на стоки. Затоа тука недостига една аналитичка анализа што се добива, а што се губи со слободната трговија особено со Словенија и со Хрватска. Зошто го зборувам ова. Го зборувам бидејки мислам дека од страна на Владата, со последните спогодби не се води доволно грижа, пред се за составување на листите на производи кои од Македонија многу тешко дс пласираат. Точно, претставниците на Владата велат, па не

зависи тоа само од нас. Точно е тоа дека и другата страна треба да се согласи за составување на протоклоите на анексите, но мислам дека треба да се прават големи напори од страна на Владата и од надлежното министерство, но не се прават доволно напори, во делот да влезат производи кои ги обременуваат грѓаните особено , земјоделскиот дел, па и индустрискиот. Тоа е едниот дел за кој, сигурно, ако направиме анализа, имаме негативни ефекти од овие спогодби на слободна трговија, од кои многу очекувавме.

Вториот и најважен дел , со спогодбите за слободна трговија, РМ ја враќаме во периодот на 1990-1991 година и 1992 година. Ние немаме спогодби, немаме слободна трговија. Ние во РМ имаме квоти , враќање на квоти, бидејки, со исклучок на Бугарија, по ниеден дел од спогодбите не се применува принципот , кој прв на граница, нему работа.Што ние правиме?

Ако ги гледаме листите, особено во делот на анексите каде се одобруваат одредени права, ни благовремено се определуваат доделените квоти, ниту реално се доделуваат. Ние сме сведоци, мораме да укажеме на она што се случува во Министерството за финансии особено што е случи со Хрватска. На нашите укажувања на работните тела, се викаше, знаете, од другата држава не сакаат да се применува принципот. не сакаат квоти. Видовме дека Хрватска реагираше по дипломатскипат дека тие биле баш против тоа. Сметам дека намерно се заговара принципот за квоти, за да се делат подруги критериуми, да се делат неблаговремено и ефектот , во извесна смисла е негативен, наместо да е позитивен во тој дел мора да преземеме одредени активности. И врз основа на тоа, посебно би укажал, бидејки пласманот на јаболката не е во оваа листа, јас ќе бидам воздржан во делот на ратификација на оваа спогодба. Сигурно министерот би требало да укаже, да укаже на овие наши забелешки . Како се делат квотите во Македонија немаме слободен пазар. Со овие квоти за слободна трговија Македонија ја вовлекуваме во систем на квоти, во систем на привилегии, во систем на фаворизирани фирми и во систем , знаете, немаме рамноправност на пазарот. Создаваме услови, одредени трговци, истата стока која може да ја увезуваат , се поскапи за 20, 30, 40%, доколку има тарифа да не зборуваме доколку има прелвмани и на пазарот не може да конкурираме и се создаваат монополски фирми , а создаваме и меѓудржавни проблеми, создаваме дефицити во однос на овие спогодби, особено со Словенија, бидејки, сметам, не ги погодуваме правилно листите. Или доколку не сме спремни во квалитетот кај одредени производи, да не ги ставаме во тие листи.

Сметам дека треба да отвориме една расправа пред овој Парламент. Може Парламентот да донесе и работен заклучок, да ги видиме ефектите, а не само да ратификуваме спогодби, бидејки голема надеж РМ за развој на стопанството, вложуваше во спогодбите за слободна трговија, пред се со соседните земји, и другите земји, особено сега од аспект на Спогодбата со ЕУ. Тоа е веќе посебен проблем кој сигурно треба да го надградуваме и да ги разгледаме односите меѓу таа Спогодба и овие спогодби со другите земји кои не се членки на ЕУ.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор? (Никој)

Бидејки никој друг не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува предлогот за донесување на закон за Ратифиакција на Договорот за слободна трговија меѓи РМ и Украина.

Ве молам да гласаме.

Од вкупно 66 пратеници кои гласале, 58 гласале за, 7 гласале воздржано и 1 гласал против.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува Предлгоот на оваа седница да се претресе и предлогот на законот.

Ве молам да гласаме?

Од вкупно 64 пратеници кои гласале, 56 пратеници гласале за, 8 гласале воздржано и никој нема против.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам општ претрес по Предлогот на законот.

Молам кој бара збор.

За збор се јави г-динот Александар Гештаковски.

**АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:**

Г-дине претседателе, јас знам дека , согласно Деловникот, не може

министерот со сила да се натера да даде одговор. Но министерот за тоа е присутен овде во Парламентот. Инаку без претставник би расправале.

Имаме конкретни прашања со кое се обраќам, да не одиме преку пратенички прашања. Кога се оди со ратификација, тогаш е моментот да се даде одговор.

Јас го прашувам министерот зошто јаболкото не е влезено во Протоколот односно Анекс/б-1, во листата на производи, нивни извос во Украина, со потекло од РМ, кои се предмет на концесии ,дали во преговорите понатаму има шанса да влезат, за наредната реколта, бидејки поминатата е сезоната, и во делот на забелешките, по однос на тоа што мисли Владата по однос на ваквиот начин на поделба на квотите, кој не е ниту транспарентен, создава нееднаквост на пазарот. Неможам јас да му наредам, ниту можете вие да му наредите. Но, затоа се претставниците на Владата. Затоа водиме расправа овде. Јас незнам дали сега треба да ги молиме претставниците на Владата да ни даваат одговори.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Јас не можам да му наредам на министерот, или на некој друг, да одговори на овие работи. Меѓутоа кога има сосема јасно формулирано прашање, да не се надеваме, зошто, кога неодговараме на вакви прашања, нам после ни доаѓаат барања за информација таква, информација ваква, информација за ова, информација за на. Да не си ги сите комплицираме сите работите, најдобро е , кога му е времето, да се одговори на прашањето. Но, не ми дозволува Деловникот некого да го присилувам во тоа.

Има збор г-динот Бесник Фетаи, министер за стопанство.

Овој предлог закон за ратификација на Договорот за слободна трговија меѓу РМ и Република Украина е асиметричен договор, во корист на РМ. Тоа може да се види доколку е прочитан законот.

Ние спрема Украина имаме дефицит од околу 205 милиони долари, т.е. огромен дефицит, токму поради тоа што немаме склучено еден такво договор.

Што се однесува до првите два месеци од 2001 година, исто така имаме дефицит од околу е милиони долари. Мислам дека со овој договор на слободна трговија, кој е асиметричен, во корист на РМ, ќе се динамизира вкупната трговска размена и тој дефицит ќе се намалува.

Што се однесува до индустриските производи сакам да потенцирам дека производите од РМ ќе се извезуваат без царина, без прелевман во Украина, со стапувањето во сила на овој Закон. Додека индустриските производи од Украина ќе се увезуваат од РМ со посебна либерализација од 10 години. Тоа значи дека е многу добар преговарачкиот тим што го имаме во Мнистерството за економија при преговорите околу склучувањето на овој договор за слободна трговија, поради тоа што е се во корист на РМ.

Прашањето беше зошто не е ставена јаболката.

Ние се потрудивме да ја ставиме под квота јаболката, меѓутоа тие не Се согласија.Доколку се видат и квотите кои се договорени меѓу експертската група од Македонија и Украинската страна ќе видите дека и тука е во корист на РМ, што Ќе придонесе кон намалување на тој дефицит.Еве ставено е виното со околу 400.000 хектолитри.Понатаму има многу производикои се ставени во прилог на РМ, во однос на Украина. Затоа мислам дека овој договор за слободна трговија ќе придоне се за намалување на дефицитот во трговскиот биланс.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

За збор се јави пратеникот Димитар Бузлевски. Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, почитувани министри.

Јас ги разбирам напорите на министерот да ги дообјасни елементите под кои е склучен овој договор. Меѓутоа, на самиот почеток сакам да ги потсетам колегите пратеници дека РМ ваков тип на договори склучувала и порано. Тоа е, таканаречен асиметричен договор и дека не е кој знае колкав успех од на експертската група, што обезбедила такви елементи да е вградат во договорот.

Јас ги поздравувам интересите на двете држави за интензивирање на меѓусебната трговска соработка и тоа е добра страна која ќе овозможи во иднина дебалансирање на трговската размена, во смисла на намалување на регионите со кои досега РМ имаше поголема трговска соработка, како што е СРЈ, некои земји во

ЕУ, меѓу кои предначи Сојузна Република Германија.

Г-дине министре, дефицитот во трговската размена со Украина е како резултат на увозот на пченици кои се увезуваат од таму и се дообработуваат, во рамките на производните капацитети во РМ. Тој увоз е евидентен, како износ . Добро е што ќе се направат напори да е ублажи тој трговски дефицит. Но напорите треба да бидат во опфаќање на производи кои ќе бидат претмет во таа трговска соработка, без царински и други оптоварувања, во државата во која се извезуваат производи од витален интерес за граѓаните на РМ.

Сега доаѓам до она главното, што и претседателот на одреден начин го потенцира, а јас сакам да го дообјаснам.

Познато им е на колегите пратеници дека јас во занак на револт спрема односот на Владата кон парламентот,6е-тата седница ја напуштив заради не соодветниот однос на Владата и министерствата кон проблемите што ги имаат грѓаните на РМ, од областа на земјоделското производство е овоштарството.

Јас повеќе пати барав информација, таа не беше изработена, информација која би се гледала на парламентот. Затоа ја користам оваа прилика да и укажам на Владата .

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ**: (Продолжение)

И овој пат Владата на Република Македонија не води грижа за земјоделското производство, не води грижа за пласманот на земјоделското производство и заради тоа во Република Македонија граѓаните кои што се занимаваат со таа дејност имаат огромни финансиски проблеми. Станува збор можеби за свесно однесување на Владата под еден регион за да се изгасне основната производна дејност, јаболковото производство и граѓаните да се осиромашат на таков начин. Јас поинаку, од оваа констатација која што ја изнесов не можам да го сфатам односот на Владата, затоа што тоа не се случи, да кажеме дека се случи само во претходната година, тоа е пракса во претходните три години, таа пракса се применува и на таков начин заради определени состојби кои што се присутни во таа општина а кои не и се свиѓале на актуелната власт во изминатиот тригодишен период намерно има таков однос. Оттаму не можам да прифатам дека не прифатиле Украинците да се внесат јаболките. Таа констатација не држи. Може да се каже во поткрепа на тоа што јаболките не се вградени заради тоа и најлесно е да се повикаат Украинците, за тоа бидејќи тие не се присутни тука, јас сметам дека во основа е свесната политика на Владата да го уништи тој вид на земјоделско производство, затоа што тоа е концентрирано претежно во Ресен.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Му благодарам на господинот Бузлевски.

За збор се јави господинот Ристо Спанаков.

**РИСТО СПАНАКОВ:**

Почитувани колеги, почитувани претставници на Влада, Пратеничката група на Нова Демократија ќе гласа за ратификација на овој договор затоа што сметаме дека во овој момент навистина е потребно оваа ратификација да ја усвои ова Собрание. Немаше да дискутирам доколку колегата Бузлевски не го кажа она што го кажа. Јас би потсетил само на една работа, не мислам дека во овој момент свесно се прави такво однесување спрема еден регион, кој што се смета во овој момент засегнат иако сметам дека веројатно претставниците на Владата направиле се и тој дел од производството да влезе во овој договор.

На крајот едно потсетување дека едно време тој регион беше протежиран со една мерка - увоз на јужно овошје со извоз на јаболка, а беше запоставено грозјето и тогаш земјоделците оправдано реагираа од тие подрачја каде што се произведува таков производ (валандовскиот, кавадаречкиот, неготинскиот) кога всушност се укажуваше дека Владата мисли само за одреден регион во Република Македонија. Така да мислам дека дискусијата на господинот Бузлевски воопшто не држи, а уште еднаш ќе повторам дека ние ќе гласаме за ратификација на овој договор.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам.

За збор се јави господинот Бузлевски.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Мене ме радува што Владата има во нашите редови, во редот на пратениците доста информирани пратеници, па оттаму тие знаат дали е точно или неточно правено, господинот Спанаков најверојано може да каже што сака и како сака во одбрана на Владата, меѓутоа факт е дека тој кажа една голема невистина. Дека во еден претходен период грозјето не било опфатено

во трговската размена со условување на увозот со извозот. Не е точно прво и прво.

Јас да ви кажам дека грозјето беше со 5 кгр. количински, јаболките беа со 3 кгр. количински условени, да се извезе па да се увезе јужно овошје. Вие може да измислувате многу факти, да ја браните Влада-та затоа што најверојатно вие имате посебни причини тоа да го правите, но немојте пред македонската јавност да кажувате она што не е така.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам.

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам општиот претрес и отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Гласале вкупно 60 пратеници од кои 52 гласале за, седум пратеници гласале воздржано и еден пратеник гласал против.

Ве молам да утврдиме дали во салата имаме доволен број на пратеници кога е извршено гласањето и дали важи гласањето.

(Службите ги пребројуваат присутните пратеници во салата).

Немаме доволен број на пратеници, имаме 57 пратеници.

Ве молам нека влезат пратениците во салата и да гласаме за Законот, да изведеме гласање кое ќе важи.

Ве молам повикајте ги пратениците да влезат во салата.

(Некои пратеници влегуваат во салата).

Ве молам пратениците да дојдат во салата за да можеме да гласаме.

Ве молам повикајте ги пратениците да влезат во салата за да можеме уште еднаш да гласаме.

Ве молам нека влезат пратениците во салата.

Молам, пратениците да седнат на своите места.

Молам да гласаме.

Вкупно гласале 64 пратеници, од кои 56 пратеници гласале "за", 7 пратеници гласале "воздржано" и 1 пратеник гласал "протиз".

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за ратификација на договорот за слободна трговија меѓу Република Македонија и Украина.

Продолжуваме со работа по точката 3 - Предлог за измена и дополнување на Буџетот на Република Македонија за 2001 година.

Предлогот за изменување и дополнување на Буџетот на Република Македонија за 2001 година ви е доставен.

Отворам претрес во начело.

Молам, кој бара збор?

За збор се јави, министерот за финансии, господинот Никола Груевски.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Почитуван претседтеле, почитувани пратеници, дами и господа, пратеници,

Во изминатите месеци од оваа година Република Македонија е соочена со еден од најтешките периоди од нејзиното осамостојување. За разлика од претходните екстерни шокови во економијата, со кои се соочуваше земјата, сегашните настани се случуваат внатре во земјата, а последиците се изразито неповолни, како од економски, така и од безбедносен аспект.

Наместо стабилен и релаксирен домашен и надворешен макроекономски амбиент, претпоставки врз кои се темелеше макроекономската политика, Буџетот и другите развојни документи за оваа година, сведоци сме на настани кои битно ги изменија овие предвидувања.Воените дејствија во одредени делови на земјата присутни во изминатите месеци, а кои сеуште траат, наметнаа дополнителни трошоци по разни основи, особено од безбедносен аспект, предизвикаа огромни штети и ги намалија можностите за реализација на проектираните макроекономски и други агрегати.

Како што знаете, минатата година беше најуспешната година на економски план во последните 20-тина години, со 5,1% пораст на бруто општествениот производ, релативно ниска инфлација од 5,8% и други поволни економски показатели. И оваа година очекувавме порастот да биде уште повисок од минатата година, но за жал нападот на земјата го оневозможува тоа.

Почитувани пратеници,

Влошената безбедносно-политичка состојба во земјата, покрај директните последици по економијата, заради зголемената ризичност драстично ги намали инвестиционите активности скоро

по сите основи, отежната е деловната соработка со странските партерни, а со одделни целосно е прекината.

Ова ја наметна потребата од: Редифинирање на проекциите за 2001 година на макроекономските агрегати; Буџетот на Република Македонија; Платниот биланс; монетарните агрегати; како и Донесување повеќе оперативни мерки, како што беше неодамна усвоениот Закон за данок на финансиски трансакции; одделни мерки од монетарната свера и друго.

Во новонастанатите услови, од една страна, оневозможена е планираната наплата на приходите, а од друга, енормно се зголемија расходите по сите основи, особено на безбедносните сили. Во функција на ова прилагодени се монетарната политика, политиката на плати и девизната политика. Овие активности, како што знаете, темелно беа разгледани, усогласени и договорени со претставниците на ММФ, кои искажаа полно разбирање за нашите проблеми. Усогласените и договорени параметри и политики ни овозможија да ги продолжиме аранжманите со ММФ и Светската банка, што е особено значајно за нашата земја.

Дами и господа, почитувани пратеници, неодамна вам ви беше доставен ребаланс на Буџетот, но сосема по друг основ - вклучување на средствата од приватизацијата на "Телеком".

Со него требаше да се заокружат минатогодишните многу успешни резулатати на економски план. Имено, остварените економски ефекти, а во тие рамки и одличните буџетски остварувања, заедно со успешната приватизација и продажба на "Телеком", претставуваше солидна основа за поагресивен развоен концепт на економската политика.

Меѓутоа, сега сите сили и сите мерки на економската политика се фокусирани на одржувањето на макроекономската стабилност на земјата. Сосема сум сигурен дека ќе успееме во тоа. Во таа функција се предложените измени на Буџетот, особено во расходниот дел, но секако во рамки на можностите се прават напори да се одржат и развојните компоненти на Буџетот.

Како што гледате, во предложените измени се содржани двата основи кои ја наметнаа потребата за ребаланс на Буџетот. Вклучувањето на средствата од "Телеком" и влошените безбедносни состојби во земјата.

Дозволете ми, почитувани пратеници, најнапред накратко да се осврнам на предложените измени по основ на вклучувањето на средствата од продажбата на "Телеком". Како што ветивме, остануваме не само на транспарентниот начин на трошење на овие средства, туку и во актуелните услови и состојби ја задржавме нивната развојна функција.

Сакам да нагласам дека врз соодветни аналитички согледувања баравме оптимално искористување на овие средства. Нашите анализи укажуваат дека тоа може да се постигне доколку овие приходи се употребат за отплата на странскиот долг на државата, реформа во пензискиот систем и инвестиции во јавниот сектор. Токму тоа и го предлагаме со овие измени. Владата речиси 3 месеци расправаше за проектите кои што ви се предложени за конечно после 3 месеци да се усогласи кои од овие проекти се најприоритетни. По завршувањето на овие усогласувања проектите беа испратени до Светската банка и беа ангажирани неколку советници, надворешни советници од ЈСД и други институции, како и локални советници за да и помогнат околу докомплетирањето на овие документи. И конечно, кога сите сугестии беа ставени на маса, кога сите анализи беа ставени на маса, кога сите предложи беа ставени на маса, Владата речиси по три месечна расправа дојде до овие резултати и до овие предлози.

Изборот на инвестиционите проекти во јавниот сектор кои се предмет на овој ребаланс е извршен врз повеќе критериуми, кои ги имате во образложението.

Имајќи ги во вид обемот на средствата и другите специфичности реализацијата на проектите е предвидено да се остварува во 3 фази. Првите две, во вкупен износ од 203 милиони ДЕМ, треба да започнат во 2001 година, а 133 милиони ДЕМ, односно 4.376 милиони денари, планирано е да се реализираат во оваа година.

Почитувани пратеници,

Како што нагласив претходно, вториот основ заради кој се предлага овој ребаланс на Буџетот, за жал, е од сосема спротивни и за нас неповолни причини, односно заради изменетите и ревидирани претпоставки врз кои истиот се темелеше

при донесувањето во почетокот на годината.

Предложените измени на Буџетот се темелат на следните претпоставки: реален пораст на бруто домашниот производ од 2,5%, наместо предвидениот пораст во почетокот на годината од 6% и ова е под услов ако настаните што се случуваат во земјата завршат до наредните месец до два; пораст на инфлацијата, мерена преку трошоците на живот, од 4% (наместо 2,2%) како што претходно се планираше; намалување на извозот на стоки за 3%, наместо предвидениот пораст од 14%; задржување на нивото на увозот на тој од 2000 година, наместо пораст од околу 10%.

При тоа, се појде од оценката дека ќе дојде до запирање на воените дејствија, а најдоцна до средината на август, или крајот на август и до релативно нормализирање на состојбите, кои секако ќе бараат и натаму засилени напори за нивно одржување, што ќе условува зголемени трошоци од безбедносен аспект. Едновремено, појдено е од претпоставката дека во втората половина од годината ќе дојде до заживување на стопанската активност, како резултат на ефектите од: потпишаната спогодба за стабилизација и асоцијација со Европската Унија; потпишаните спогодби за слободна трговија со ЕФТА, Украина и другите држави; реализацијата на проектите од "Телеком" (инфраструктура, увозна опрема, учество на градежната индустрија и градежништвото); веќе влезениот странски капитал по сите основи, посебно во процесот на приватизација; подобрените услови за пласман на некои наши значајни извозни производи (јагнешко месо); како и засилените активности сврзани со обновата на оштетените објекти во подрачјата зафатени со воени дејствија.

Поаѓајќи од ова, со предложениот Буџет, како основен инстурмент на фискалната политика и со другите макроекономски политики.посебно монетарната, цврсто се останува на определбата и во овие услови да се одржи макроекономската стабилност на земјата, изразена во стабилен курс на денарот и ниски стапки на инфлација. Истовремено, со новата проекција на Буџетот на Република Македонија за 2001 година ќе се обезбеди: задоволување на потребите на државата кои се во функција на нејзината безбедност и територијален интегритет; борба против сиромаштијата и социјалното згрижување на привремено раселените лица; продолжување со реформите; навремено сервисирање на преземените домашни и надворешни обврски.

Заради остварување на вака дефинираните цели и задачи во услови на ограничени можности, по подолг период на конципирање врамнотежен буџет, со предложените измени предвиден е буџетски дефицит во висина од 15,е милијарди денари, што е околу 6% од планираниот бруто домашен производ. Дефицитот ќе биде покриен со дополнително финансирање.

Почитувани пратеници,

Поаѓајќи од вака поставените глобални цели и задачи, а имајќи ги во вид можностите за вкупниот обем на приходи и дополнителните трошоци наметнати од безбедносните состојби, проектирани се следните големини на буџетските приходи и расходи.

Во вкупните приходи на Буџетот на Република Македонија за 2001 година ( без средствата од дополнително финансирање во износ од 18.е21 милиони денари) се проектирани на износ од 54.790 милиони денари, што е за 1.211 милиони повеќе од проектираните приходи на почетокот на годината.

Даночните приходи во маса се проектирани на 50.484 милиони денари, што е повеќе од претходно проектираните за 756 милиони денари.

Гледано по одделни видови на даноци поосетно намалување на приходите е предвидено кај: персоналниот данок на доход, кое изнесува 598 милиони денари; кај акцизите, кои се намалени од 12.994 милиони денари на 12.000 милиони денари; кај данокот на добивка, кој се очекува да се оствари во износ од 2.975 милиони денари, или помалку за 51 милиони денари; како и кај увозните давачки кои се намалени за 95 милиони денари.

Намалувањето на даночните приходи по овие основи е компензирано со приходите кои се очекуваат од новововедениот данок на финансиски трансакции од кои се очекуваат вкупни приходи од 2.297 милиони денари.

Неданочните приходи во 2001 година (без средствата од продажба на капитални средства во износ од 8.068 милиони денари) се проектирани на 3.808 милиони денари, или повеќе за 501 милиони денари. Порастот се должи на

приходите по основ на камати од депозитите од "Телекомот", во износ од 1.056 милиони денари, профитот од јавни финансиски институции, чие зголемување изнесува 776 милиони денари, додека останатите неданочни приходи се очекува да ги намалат своите приходи.

Вкупните расходи на Буџетот за 2001 година се проектирани на 70.640 милиони денари, (без средствата за отплата на главница за земени заеми), што претставува зголемување од 15.404 милиони денари во однос на проекцијата со Буџетот на почетокот на годината.

Во овие рамки, тековните расходи се проектирани на 58.696 милиони денари, што е повеќе во однос на проекцијата со Буџетот за 10.207 милиони денари. Во овие средства се вклучени и дополнителните трошоци за безбедност на државата. При ова, средствата за плати и надоместоци се зголемени од 15.270 милиони денари на 16.492 милиони денари, или повеќе за 1.222 милиони денари, пред се, заради исплата на платите за безбедносните сили. Тоа значи дека за вработените во државната управа не се предвидува зголемување на платите, заради новонастанатата ситуација. Трошоците за бегалци се зголемени за 311 милиони денари, трансферите за 696 милиони денари, од кои трансферите за пензискиот фонд се зголемени за 477 милиони денари, а за Заводот за вработување за 173 милиони денари.

Во рамките на тековните расходи, поради новонастанатите состојби, покрај зголемувањето кај одделни постојни трошоци, се јавува нова ставка трошоци сврзани со кризата, во износ од 13.140 милиони денари, што претставува 18,6% од вкупните расходи.

Средствата за социјални програми се задржани на претходно проектираното ниво, средствата за камати се зголемени за 152 милиони денари, средствата за структурни реформи се зголемени за 209 милиони денари, вклучувајќи ги и реформите на јавната администрација.

Ваквиот распоред на буџетските расходи јасно ги искажува определбите на Владата и во новонастанатите понеповолни услови да го продолжи реформскиот курс. Исто така, се настојуваше во рамки на можностите да се задржи и развојната компонента на Буџетот. Имено, со предложените измени позначајно зголемување се предвидува кај капиталните расходи. Овие расходи се зголемени од 6.155 милиони денари на 11.365 милиони денари, односно за 5.210 милиони денари, што во основа произлегува од проектите финансирани со средствата од "Телеком".

На крајот би сакал да нагласам дека со предложените измени на Буџетот, иако се зајакнати фискалните трошоци од безбедносен карактер, во основа не се напуштаат основните макроекономски и фискални определби. Имено, одржувањето на макроекономската стабилност на земјата останува како трајна определба за која цел и натаму е обезбедена конзистентност со другите макроекономски политики, а извршено е намалување на трошоците во сите сегменти за кои е оценето дека е тоа можно.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам, дали некој друг бара збор?

Има збор господинот Златко Стојменов.

**ЗЛАТКО СТОЈМЕНОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници,

Во име на пратеничката група на ВМРО-ВМРО бараме пауза од половина час, заради симнување на стенографските белешки, кои сакаме да ги погледаме.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам пауза за да се симнат стенографските белешки.

Пауза до 15,оо часот. (Пауза од 13,10 часот)

(По паузата)

(Седницата на парламентот продолжи со работа во 16,00 ч.)

**ЗВОНКО МИРЧЕВСКИ:**

Предлагам најпрво да утврдиме дали имаме точен број пратеници во салата.

Ги молам пратениците да притиснат на копчињата од системот за гласање за да го утврдиме точниот број на пратеници.

Почитувани членови на Владата, почитувани пратеници. Во моментот имаме 58 пратеници, и можам да констатирам дека немаме кворум за работа.

Бидејќи нема доволен број пратеници, предлагам да почекаме уште 10-тина минути.

Ве молам уште еднаш да притисните на комчињата од системот за гласање уште еднаш да го утврдиме точниот број присутни пратеници во салата.

Констатирам дека има доволен број пратеници, па според тоа можеме да продолжиме со работа.

Продолжуваме со расправа по третата точка од дневниот ред.

По експозето на министерот за финансии, беше побарана пауза од пратеничката група на ВМРО вистинска. Експозето е побиено задача да укажам на две групи на прашања, ако сакате подобро кажано, два типа на проблеми што се врзани и кои што, најверојатно произлегуваат од самата предложена структура на буџетските приходи и расходи, со овој предлог на измени и дополнувања на Буџетот на Република Македонија. Јас сум апсолутно свесен за фактот дека во Собраниска расправа, не може да дојде до радикални промени во предложената структура на јавни приходи и расходи врзани за Бу џетот на Република Макеедонија.

Меѓутоа, најверојатно може да дојде до определено подобрување, особено тоа ќе зависи од амандманската расправа и од тоа колку министерството за финансии ќе биде подготвено да прифати дел од амандманите особено оние што се врзани за трошење на средствата од телекомот. Но, и покрај тоа, дури да нема битни промени целта ние едноставно да дадам некои сугестии и критички заблеешки врзани со приходите, расходите, фискалната политика, за кои што искрено, дека ќе користат како на Министерството за финансии, така на Владата, па ако сакате и на централната банка, во имплементацијата на макроекономската политика до крајот на годината, а ценејќи го фактот дека земјата се наоѓа, заради овие нееекономски фактори и војната во една исклучително тешка ситуација.

Првата група на прашања и проблеми се лоцира во сверата, според мое мислење, во недоволната координираност на буџетската политика од една страна, и монетарната политика од друга страна. Тоа се како што знаете, почитувнаи пратеници, двете клучни макро-економски политики, од кои што во крајна линија, меѓу другото, ќе зависи и она за што министерот Груевски зборуваше стафката на пораст бруто на/домашното производство и стафката на инфлација, како што чувте од излагањето на министерот, сега се ревидирани. Стапката на инфлација е на 4%, за разлика од првобитната проекција, а стафката на бруто домашниот производ е на 2,5%.

Мислам дека ќе биде успех, ако во вакви услови, навистина се дојде до тие макро економски успеси.

Фактички, за што станува збор? Земјата како што знаете е соочена со силен пад на производството, кое што по мое мислење, тој пад ќе биде од подолгорочна природа, заради оние причини од кои што овде беше ,кажано и во воведното излагање. Меѓутоа, заради падот на производството во земјата, што резултира од воените дејствија, едновремено во земјата во еден момент се јави вишок на парични средства односно денари во оптек. Фактички, имаме едно типично неусогласување меѓу паричните фондови, од една страна, и стоковните фондови од друга страна, што создава евидентен и инфлаторен притисок во националната економија.

Во една таква состојба, најверојатно Министерството за финансии координирано со Централната банка, одеа на превземање на мерки, тоа да се елиминира за да се задржи ценовната стабилност на земјата, односно ниската стапка на инфлација.

Практично, Централната банка мораше така да речам да го активира целиот арсенал на расположиви мерки, кои што се врзани со масата пари во оптек и за да го извлече овој вишок на пари од оптек.

За тоа што направи централната бнака, или Народната банка на Македонија. Најпрво, појде со благајничките записи, и тоа во овие моменти тие беа проширени како право на запишување, не само на банките, како што е во редовни ситуации, туку и на претпријатијата за да можат да се извлечат овие вишок на средства од оптек. Меѓутоа како што знаете ова има силно повратно дејство врз каматните стапки а порастот на каматните стапки од своја страна сигурно ќе придонесат на еден или на друг начин за намалување на инвестиционата активност која што и така силно е намалена во економијата и на тој начин, вкупната рестриктивност на монетарната политика е прилично зголемена.

Меѓутоа, таа е зголемена и со самиот акт што Централната банка исто така, ги зголеми стапките на задолжителните резерви, што има негативно повратно влијание врз кредитниот потенцијал. На комерцијалните банки, што повторно ќе има рестриктивно дејство врз вкупниот обем на производство.

Дефинитвино, Централната банка ја зголеми дисконтната

или есконтната стапка прилично. Отидовме на 10,2%. Сега, некои аналитичари, експерти од Централната банка кажаа дека тоа не може да има битно влијание врз просечните каматни стапки во Македонија. Јас тоа мислење не го делам, затоа што станува з бор за есконтната стапка или каматната стапка, по која што

Централната банка дава кредити на комерцијалните банки, доколку нивната ликвидност биде загрозена. Тие мора да одат со каматни стапки значително над дисконтната или есконаната стапка. Така што, и за тоа ќе има проблеми. Дури мислам дека каматните стапки ќе бидат под притисок на пораст и заради ефектите од данокот за финансиските трансакции, кои што апсолутно се нужни во оваа ситуација и собранието дава поддршка на тој закон, бидјеќи при-лично пораснаа трошоците, особено на банките на работење и се плашам дека дел од банките, најверојатно ќе можат тоа да го превалат со текот на времето за висината на каматните стапки, со што рестриктивноста на монетарната политика би се заострила, па затоа, моја сугестија е Министерствотро за финансии и Централната банка околу оваа работа треба да презема други соодветни мерки, за да се спречи евентуално понагласената тенденција на пораст на каматните стапки.

Вие знаете во почетокот тие беа извонредно високи по осамостојувањето на земјата. Почнавме еден период, кога навистина тие се намалија меѓутоа, сега повторно ќе навлеземе во негативна насока.

Сакам да кажам дека со ова, за жал, не завршува рестриктивноста на монетарната политика и најмалку уште два други фактори ќе ја потенцираат рестриктивноста на монетарната политика.

Првиот фактор е што ние имаме зголемени буџетски расходи и тоа прилично големи, како што можете да видите од буцетот, дополнителни алокации, односно трошоци во Министерството за одбрана кои изнесуваат скоро 10 милијарди денари, и 4 милијарди се во министерството за внатрешни работи.

Значи, скоро 13,6, односно близу 14 милијарди во двете клучни министерства.

Бидјеќи тие расходи ќе мораат да се покриваат и дефицитот да се финансира, ова фактички ке покажува како експанзија од страната на буџетот, а се што значи експанзија на страната на буџетот претпоставува зголемување на рестриктивноста на монетарната политика, инаку, не можеме стапката на инфлација да ја задржиме на исто ниво.

Меѓутоа,што рестриктивноста на монетарната политика го ограничува производството. Така што, тие се многу деликатни и комплексни односи, за кои што треба посебно да се внимава.

Исто така, сметам дека зголемената потрошувачка на Буџетот, врз основа на дел од проектите, врз основа на првата и втората фаза од телекомот, кои што сега ќе почнат да се реализираат а тоа е една сума од скоро 143 милиони германски марки, прилично голема сума, исто така ќе ја зголемува експанзивноста на буџетската политика и ќе се бараат повторно нови рестрикции, од страна на монетарната политика.

Јас тука имам една генерална забелешка, Мислам дека треба многу да се размислува околу динамиката на реализацијата на средствата со телекомот. Пред се, во смисла на нагласена селективност.

Ако добро ја анализирате структурата на понудените проекти, кои што, како што кажа министерот владата ги работела три месеци можете веднаш да видите дека дел од тие проекти се врзани со трошење на пари надвор од земјата. Сите тие пари што ќе завршат надвор од земјата, не можат да ја зголемат агрегатната побарувачка и да го зголемат домашното производство. Тие ќе значат одлив, зголемување на буџетскиот дефицит , меѓутоа, немаат директен ефект врз националната економија дома, и врз заживување на домашното производство, а камо ли со тие мали стафки. На пример, само кај амбасадите имаме 11,3 милиони германски марки.

Во оваа ситуација дали ќе т ребаше да се оди со амбасадите ако не се преземени обврски и слично, тоа е големо прашање.

Еден добар дел од проектите се врзани за купување на ком-пјутери и друга суфистицирана опрема по низа министерства. Тоа само по себе не е лошо. Напротив, е добро да се опремат министерствата, мегутоа, дали е сега моментот , бидјеќи тие пари ќе завршат надвор.

Мојата сугестија е, евентуално во амандманската расправа апсолутна предност министерот да даде на оние проекти што се финансираат преку телекомот, а за кои што однапред знаеме дека парите ќе завршат во националната економија. И, ке имаат директен ефект врз зголемување на агрегатната побарувачка и на порастот на бруто националниот производ. Бидјеќи првобнитно министерството за тоа ги активираше, за да се спречи таа репресија и да се зголеми стапката на пораст на бруто домашниот производ , односно, барем да се дојде до тие предвидени 2,5%. Мислам дека уште еден момент треба да се има предвид врзан со координацијата на монетарната и фискалната политика, а тоа е следното: ние

неодамна го усвоивме Законот за данок на финансиски трансакции, јас гласав за тој закон и кажав, а кажаа и грото пратнеици, бидјеки мислевме дека навистина, е нужно во оваа тешка економска ситуација. Меѓутоа, тука треба посебно да се води сметка.

Прво, кога имаме веќе репресија за опаѓање на производствотс самото зголемување на даноците по дефиниција е контрапродуктивно. Ние немавме каде? Тоа моравме да го направиме, меѓутоа, во услови на репресија правилото во буџетската политика е, се намалуваат даноците а расте експанзијата на расходната страна. Бидјеќи, немавме каде го направивме тоа што го направивме.

Некои аналитичари, од она што успеав да прочитам во стручната литература, кај нас, и во весниците , со право кажаа дека тоа нема да има негативен ефект врз намалување на агрегатната побарувачка во земјата. Она што земаме од секторот на претпријатијата, односно правните лица, тие з афаќања, кои се 70 милиони германски марки, ќе се јави како соодветен вишок на средства во буџетот. А тоа е, истата компонента на агрегатната побарувачка.

Меѓутоа, не смееме да заборавиме, а за тоа сакам и соработниците на министерот да слушнат дека тука сепак, имаме еден генерален проблем, затоа што, битно се менува намената на тие пари.

Ако тие пари останаа во претпријатијата, или во банките, како што треба во еден дел за инвестиции,или за давање на кредити од страна на банките на претпријатијата,сега одат во буџетот и одат за финансирање на воените расходи.

Јас сум свесен дека тука не можеме ништо да промениме.Меѓутоа, треба и тој момент да го имаме секогаш кога ќе координираме монетарна и фискална политика. Мислам дека таа координација ќе биде во тек.Министерот за финансии, гувернерот на Народната бнака и другите клучни министри, меѓутоа, особено гувернерот и министерот за финансии, з аендо со мисијата на ММФ која што повторно ќе дојде и ќе ги следи и преоценува состојбите, и нашите други експерти, совентиците во министерството за финансии. Мислам дека треба многу внимателно тука треба да се оди за да не дојдеме во ситуаицја да се движиме од екстремност кон екстреност. Првата екстремност би била продлабочување на репресијата и не остварување на таргетот од 2,5%, пораст на бруто домашнот производ, а додека другата екстремност би била повисока стапка на инфалција. Ние имаме прилично ниска стафка на инфлација, според планот од4% , но таа во никој случај не смее да барем за Македонија, барем по сите испитувања, да премине 10% и тогаш веќе ситуацијата станува повеќе од алармантна, односно опасна.

Втората група на проблеми, кои што исто така, се значајни, е врзана, според моја оценка за фактот што предлагачот на овој документ, Владата на РМ, не неправила една комплексна програма за штедење на ретките буџетски ресурси, во оваа извонредна тешка ситуација. Мислам дека во основа тоа не е добро, и незнам дали може нешто тука да се подобри.

Меѓутоа, кога имате ваква ситуација, и кога веќе буџетскиот дефицит на Републиката е дефинирана на 15,е милијарди денари, што чини 8% од бруто домашниот прозивод, заради овие состојби од воените дејствија, најверојатно ако се направеше едно поригорозно штедење во другите позиции, освен Министерството за народна одбрана и Министерството за внатрешни, каде што мораше да се додаде, 14 милијарди долари, најверојатно, ќе дојдевме до состојба дефицитот да биде помал. Тоа би било, далеку подобро за Република Македонија, бидјеќи тој буџетски дефицит би требало да се покрие. Да речеме, кога министерствата не би оделе повеќе со задолжување во странство, да ни го намалува тој дел на покривање на дефицитот на 4,5 милиони, меѓутоа ги користиме другите расположиви ресурси. Средствата од телекомот, депозитите од каматите итн.

Фактички, за што станува збор? Ако го погледнете списокот даден во буџетот на буџетските корисници, во Република македонија ги има 120, односно да бидам прецизен 117 буџетски корисници.

Фактички, од тој список може добро да се види, сите го имате буџетот пред вас, дека само во 40 позиции има заштеди, и тоа се маргинални позиции, гланво се основните судови.По 100 илјади, по 200 илјади денари итн, а во сите други позиции, или останале исти средствата или има зголемување. Што во една ваква ситуација што во една ваква ситуација не е во ред и не е добро.

На прв поглед таму има голема заштеда во Министерството за финансии меѓутоа, тие две милијарди помалку, во основа, претпоставувам се резултат на фкатот што Министерството за финансии, веќе нема обврска да го прави депозитот во Централната банка од 2', 7 милијарди до

крајот на годината, бидјеќи тука така стои дека таа позиција со ребалансот на буџетот е нула. Мегутоа, тоа се средства кои и така ќе се бараат во Централните банки и ќе ја зголемуваат рестриктивноста во буџетот. Мислам дека за таа позиција можеа барем, да се направат заштедите кај другите министерства.

Јас сум бил министер за финансии и знам дека тоа е многу тешко. Многу е тешко министерот за финансии да се расправа со колегите министри. Меѓутоа, во ваква ситуација мислам дека тоа беше нужно да се направи.

Понатаму, ако ја погледате таа стапка за мебел и канцелариска опрема, таа е зголемена за четири пати со предлогот на ребалансот. Од 340-350 милиони денари на 1 милијарда и 3 Тоа е многу големо покачување на една стапка, што не треба да се прави, затоа што не ни требаат луксузи и таа работа не би требало да оди во ваквата ситуација која што ја имаме. Особнео, заради фактот што на тој начин, со нерационално трошење на буџетските средства, фактички, ја девалвираме и онаа мерка, која што беше предложена од Министерството за финансии, да нокот за финансиски трансакции. Не можете да земете средства од стопанството, а од тие позиции каде што навистина, треба заштеда, тоа да не го правиме. Незнам за што станува збор? Јас мислам дека прво станува збор за зградата на Југобанка, меѓутоа, делот е градежна опрема, а претходната позиција исто така, е зголемена на 700 милиони денари.

Мислам дека тој тип на трошење не ни е едноставно потребен во овој момент. Тука ефектот е во зголемување на таа стапка од 300 на 1 и 300 и е00 милиони денари. е00 милиони денари, кои што ќе се дадат за канцеларии и опрема, ги"голтаат" сите зголемувања на даночните приходи во буџетот, предвидени со ребалансот. Тие се 756 милиона,а ние трошиме е00 милиони.

Мислам дека навистина тоа е еден сериозен проблем, односно структурен проблем во расходната страна, за кои што велам, незнам што може да се направи, меѓутоа, во основа не е добар. Има и кај низа други позиции можности за заштеда. На пример, видете ја стафката за плати. Платите се зголемуваат за 1,2 милијарди денари. Тоа е зголемување на фондот за плати. Оправдан е целиот оној дел, а тоа е делот кој што оди за зголемување на плати во Армијата и во МВР. Тоа изнесува е60 милиони денари. Тоа е апсолутно оправдано. Јас не сакам да бидам погрешно сватен.

**ТАКИ ФИТИ**: (продолжение)

Меѓутоа, остатокот од скоро 260 милиони оди на зголемување на платите по други позиции, што мислам дека не е во ред и нема логика, ниту пак може логички да се објасни тоа, затоа што знаеме дека Владата оваа година тргна во намалување на бројот на јавна администрација. 4.000 или 4.500 или не се сите отпуштени не е битно, од кои што очекувавме заштеда од 800 милиони на стапката или позицијата на плати, а сега имаме зголемување на милијарда и двеста, од кои двеста шеесет милиони, по мое длабоко убедување апсолутно се неоправдани. Она што е за МВР и Армија е сосема во ред. Тоа веднаш, знајте, индицирано заклучок дека се зголемува бројот на вработените во јавната администрација.

Инаку има едно објаснување во Буџетот, јас го видов, што мислам дека апсолутно не држи, ќе објаснам, што вели дека ние очекувавме ефект од 820 милиони, меѓутоа тој ефект не го добивме затоа што задоцни имплементацијата на промените на Законот за персоналецот, затоа што се мали палтите на вработените во јавната администрација па тој ефект не е достигнат. Тоа објаснува зошто тој ефект не е достигнат, меѓутоа немам логично објаснвуање како може при отпуштање на прилично голем број, за 260 милиони надвор отпуштени од министерства да се зголемат платите, едноставно сакам да слушнам за тоа ако Министерството има логично објаснување.

Само да завршам, бидејќи може да се најде и по низа други позиции, забелешки, најверојатно и другите дискутанти тоа ќе го направат. Мојата сугестија е мислам дека во оваа тешка економска ситуација, кога земјата е соочена, по малку е апсурдно, но така е, со опасност од рецесија и со опасност од стакфлација односно рецесија и покачување на стапката на инфлација, треба посебно внимание да се обрне во координација на тековните клучни политки, значи фискалната и монетарната, а тоа е пред се одговоност на Министерството за финансии и Централната банка.

Јас сум во дилема, не знам што е чарето и не знам што може да се направи во смисла на заштеда во делот на прдложените средства за евентуално да се намали расходниот дел на Буџетот, а со

тоа и буџетскиот дефицит. Знаеме дека во такви ситуации, ако има таква можност, ако се.оцени подоцна и во разговорите со експертите од Мисијата на ММФ, тоа треба да се направи. Особено овие стапки што бодат очи треба да се тргнат од Буџетот, за да добие во транспарентност економската политика на Владата. Дефинитивно може да се оди на уште еден ребаланс до крајот на годината ако најдеме заштеди да олесниме на стопанството да дише повеќе.

Благодарам.

**ЗВОНКО МИРЧЕВСКИ:**

Му благодарам на пратеникот Таки Фити.

За збор се јави министерот Никола Груевски.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Почитувани пратеници,

Да дадам неколку објаснувања на дискусијата на г. Фити што беше исклучително коструктивна и се гледа дека г. Фити бил министер за финансии во минатото. Целосно се согласувам со вас дека мерката што беше преземена со Централната банка со издавање на благајнички записи ќе влијае на каматните стапки, меѓутоа тоа беше цел, за жал, што значи Војната не доведе во таква ситуација да имаме цел да се качат каматните стапки, односно компаниите да имаат помалку интерес да земаат кредити, односно да влечат повеќе средства во оптек. Инаку, разбирливо е дека во еден таков момент каматните стапки мора да пораснат. Ако Централната нуди по 20% камата, природно е дека банките ќе нудат повисоки камати. Тука има два ефекти:

Прво, ефекти што ќе се повлечат пари со тие повисоки камати и Второ, ефекти што некои ќе се откажат од кредитите особено потрошувачки, ако се повеќе потрошувачки.

Мерките што се преземаат во една ваква криза што дејуре не е војна, но што дефакто заличува на војна, имаат од една страна добри резултати, а од друга страна има негативни ефекти односно нусефекти, како некој лек за потешка болест, што тешко се лечи.

Неколку други објаснувања што кажавте, инаку што се однесува до она што го спомнавте околу данокот за финансиски трансакции дека може да влијае дополнително на каматните стапки, тоа е точно. Може да влијае малку, меѓутоа со дополнителни мерки што денеска ги договаравме со банките и гувернерот на Централната банка мислам дека тоа ќе биде ублажено, а сепак во рамките на законот. Сакам да напомнам дека средствата со кој што располагаше земјата во голем дел се заштеда од минатата година кога оствaривме суфицит и половина, речиси, од тој суфицит го заштедивме, со намера оваа година со тие средства и со другите средства што ќе дојдат да можеме да ги намалиме даноците и другите давачки кон државата, како втора фаза на мерките на економската политика, што за жал не се случи. Но се случи тие пари да ги користиме за одбрана на земјата.

Спомавте некои ставки за трошење на средства од Телеком дали требале или не. На прв поглед, навистина некои од ставките изгледаат дека не е баш најдобро време да се користат. Но, еве амбасадите што ги спомнавте, купувањето амбасади не значи само еден еднократен трошок, туку тоа значи скратување на трошокот, на расходите на буџетот во следниот период. Значи оваа година се купени амбасадите до крајот на годината Месечните рати што се на Минисггарството за надворешни работи ќе се намалат и автоматски ќе се намалат трошоците на буџетот и секоја година понатаму. Значи, тоа е едно трајно добро за земјата понатаму.

Или, спомнавте, најголем број од проектите или сите проекти требале да бидат користени исклучиво таму каде ќе бидат платени во домашната економија. Но, постојат такви работи во земјата што се толку нужни а сепак не се произведуваат во Макеоднија. Да кажеме апарати за здравството. Можеме да кажеме не, ние ќе инвестираме само во стопанството и сл., затоа што нашите градежни фирми ги градат, материјалот е од Македонија итн., а нема да купуваме апарати за домаќинство што исто така се нужни.

Се обидовме да направиме некаков баланс, да има добар дел што ќе генерира раст односно ќе се инвестира тука, во земјата, во смисла на материјал, градба итн., ќе бидат во Македонија. Но, нужно беше нешто да се инвестира и во делови што навистина, со години не се помогнати, особено во здравството, образованието. Компјутерите знаеме дека се нужност. Можеби во ова време може да се намали во тој дел, но некаде се нужност. Еве, во судовите, навистина, таму работат на машини од пред 50 години. Го поставивте

прашањето околу скратувањето на средствата од буџетот на другите министерства. Тоа прашање беше отворено на Владата неколку пати. За жал министрите не покажаа некое големо разбирање и многу мал број од нив, речиси само еден, можам да кажам Министерстово за култура се произнесе дека некој мал дел може да скрати, потоа се повлекоа и тие кога видоа дека никој не скратува ништо. Објаснувањата на сите беа дека е многу доцна, дека се навлезени во одредени зафати и дека тоа ќе создаде долгови. Можат да скратат, но нешто што започнале мора да го довршат. Едноставно ќе го довршат, но нема да можат да платат и ќе преферираат нови долгови во јавната потрошувачка во Владата.

Се согласувам дека можеби имаше простор тука, но се инсистираше да се остави на сегашните расходи.

Има стапки каде навистина не можеше да се крати. Кај материјалните трошоци е нај кнап. Сега го гледав Буџетот со 30 јуни, извршувањето, нема министерство што успеало да потроши само 40%, а не 50%, како што е нормално за средината на годината . Дури некаде малку повеќе од 50 каде успеале.

Стапката што ја спомнавте за мебел и опрема, бидете убеден дека во ова време не ги зголемуваме трошоците за купување на мебел. Стапката се вика опрема, друга опрема и не знам како точно се вика, но тука претежно, сега проверија службите, претежно спаѓа опрема што е набавена за потребите на националната безбедност и можеби нешто средствата од Телеком.

Конечно платите. Сте забележале дека има 1,2 милијарди зголемување на платите и сте забележале дека 960 милиони се заради целите на одбраната на земјата. Се прашувате зошто е остатоткот.

Минатата година кога се договараше аранжманот со ММФ, имавме претпоставка дека ќе се намали масата на плати во новиот буџет и со таа претпоставка го направивме. Тоа се случи. Но, колку се сеќавате, беше со одредено задоцнување. Едноставно таа операција што сите се обидуваа 10 години да ја избегнат, не беше така едноставно да се реши во ноември или во подоцнежниот период. Така што таа операција заврши крајот на март дури и фати и средината на април, 25 април, до кога моравме да исплаќаме плати на администрацијата и тоа е таа разлика. Воглавно, тука е разликата и сосема ситен дел она што го спомнавте за персоналниот данок дека се воведе подоцна, за неговото влијание, меѓутоа многу малку.

Ви благодарам, се надевам дека со делот од ова што го кажав ги задоволив вашите барања.

**ЗВОНКО МИРЧЕВСКИ:**

Му благодарам на г. министер.

За реплика се јави г. Таки Фити.

**ТАКИ ФИТИ:**

Ова што го одговори министерот е сосема во ред, коректно, меѓутоа ако е навистина така со мебел и канцелариска опрема, токму така е насловена ставката, тогаш треба да се стави правото име. Овде стои ставка мебел и канцелариска опрема 347527 милиони, милијарда 291.167. Не знам, не ми е јасно што може, затоа што купување на моторни возила, опрема, постројки, машинерија, а ова зголемување е само по стапката Мебел и канцелариска опрема. Не логично е.

**ЗВОНКО МИРЧЕВСКИ:**

Ви благодарам г. Фити.

За збор се јави министерот Груевски.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Имаме ставка имаме и потставка. Ставката се вика мебел и канцелариска опрема, и се согласувам со вас дека може да биде сменет насловот. Но веќе во потставка кога ќе видите мебел и опрема за органите на управата. Верувам дека го држите и вие истиот лист, значи имаме 463 мебел и канцелариска опрема, 463019 мебел и опрема за органите на управата. Тука фигурираат тие работи што ги спомнав. Се согласувам дека насловот навистина можеби би требало да биде променет. Тој е останат уште од порано, задржан итн.

**ЗВОНКО МИРЧЕВСКИ:**

За збор се јави г. Чедо Петров.

**ЧЕДО ПЕТРОВ:**

Господине потпретседателе, господине министре, почитувани колеги пратеници.

Со оглед дека денеска на дневен ред е точката Ребаланс на Буџетот на Репбулика Макеоднија за 2001 година, ценам дека треба да дадам придонес во забелешките што ги имаме дадено и преку амандманска расправа, со поднесените амандмани за негово корегирање, доколку тоа биде можно и прифатено од страна на министерот за финансии г. Никола Груевски.

Најнапред, влошената безбедносна и економска состојба во Република

Македонија, е причина што, како што спомна и министерот за што сме принудени денеска да разговараме за ребаланс на буџетот, каде се искажува дефицит на Буџетот, минатата година имавме една година кога токму во овој Парламент се расправавме за суфицит на Буџетот, кога имавме вишок на средства и распределбата беше, главоболката каде тие средства да бидат наменети и наменски потрошени. И тогаш мислам дека не е најпозитивна работа да се искаже суфицит во Буџетот, онолку колку прикажавме во 2000-та година, меѓутоа, денеска имаме уште поголем проблем, покривање на трошоците што се искажуваат преку буџетските расходи.

Основна констатација е нереалноста на планираните приходи во услови на значајно опадната стопанска активност и високо ескалирана стапка на ризичност на земјата во целина. Тоа значи дека не е можно планирање на даночни приходи во обем што незначително е наголемен, поради воведување на нов данок за финансиски трансакции, а сите останати даночни приходи незнатно се намалуваат при едно време на извонреден пад на стопанската активност и комплетно преструктуирање на потрошувачката и даночните извори на приходи.

Кај расходите е забележлива доза на рационалност но вештачка, затоа што при изготвување на основниот буџет биле планирани ставки што не би требало да постојат. Односно ставки за буџетска комотција што сега со ребалансот се исцрпуваат, тоа се 4,7 милјарди денари. Но, и порај исцрпување на расходите за недефинирани мерки, сепак стапката на трошоци е огромна сврзани со кризата што формира огромен буџетски дефицит од 15,850 милијарди денари или скоро една третина од планираните буџетски приходи. Основниот коментар не треба да падне врз расходите, затоа што тие се изнудени, туку врз нереално планираните приходи даночни и неданочни, како и планираните извори на финансирање на буџетскиот дефицит. Имено, главниот извор за покривање на дефицитот се планираните приходи од продажба на капитал. Доколку не се мисли на остатоткот, непотрошениот дел на приходите од продажбата на Телеком, овој извор е комплетно нереален во воени услови и би значел рспродажба.

Следна планирана ставка за финансирање на дефицитот е повлекување на депозит од НБ на РМ, што како мерка води кон зголемување на парите во оптег и мора да биде следено со повлекување на средства од банкарскиот сектор и стопанството за да се избегне индиректниот ифлаторен удар.

Сепак, основниот коментар е дека ребалансот е нужен и изнуден и дека треба да биде Што е можно понеутрален, што е исклучиво тешко и треба да биде комбиниран со мерки на политичко димензионирање на политичка димензија на кризата, како би можело да се очекува финансиска интервенција од странство за одбегнување на последиците од воените дејствија да се одразат врз макотрпното достигнување на какви-такви реформски резултати во претходниот период.

Значи, не е да се бара помош од Меѓународната заедница, туку да се инсистира на нивно учество во покривање на финансиските долгови, мислам на финансиските дупки во буџетот предизвикани од странски криминогени формации, па и досегашните интервенции на Меѓународната заедница во соседството и негативните реперкусии во Македонија, што ги трпи Македонија од тие дејствија.

Кај распределбата на средствата од Телекомот, основна е забелешката и стои дека најголем дел од средствата се издвојуваат во инвестициони зафати, во инвестициони објекти во западниот дел од РМ. Не знам и ММФ и Светска банка, посебно вие г. министре треба да појдете во источниот дел на РМ и да видите кој е тероризиран, кој и какви услови има населението од источниот регион на Републиката, какво е водоснабдувањето во источниот дел на РМ, какви патишта има населението во источниот дел на РМ. Мислам дека тука ќе интервенираме амандмански и ценам дека тоа треба да биде прифатено или од колегите пратеници поддржано.

За поддршката или за гласањето на предложениот ребаланс, Нва Дмократија во зависност од амандманската расправа и прифаќањето на одредените амандмани што од наша страна ќе бидат поднесени ќе го даде својот глас за поддршка или нема да го поддржи буџетот.

Благодарам.

**ЗВОНКО МИРЧЕВСКИ:**

Му благодарам на г. Петров.

За збор се јави г. Љубисав Иванов.

**ЉУБИСАВ ИВАНОВ - ЅИНГО:**

Господине потпретседателе, почитувани пратеници,

Сите ние очекувавме да се понуди од Министерството за финансии, со целркупната своја одговорност и стручност беше дека ќе понуди ребаланс на буџет што ќе одликува на времето во кое живееме.

Тој ребаланс мораше да се направи од познатите причини што постојат во земјава, особено на безбедносен и економски план. Меѓутоа, јас, како човек и пратеник, морам да кажам на почетокот дека сум крајно разочаран. Овде испаѓа онаа тара позната изрека "селото се плени, бабата се жени".

Буџетот се полни, се создава со економијата со која што располага една земја. Правењето на ребалансот на буџетот, неговата содржина, неговиот распоред и се она што го содржи внатре е без оценка за правите состојби во економијата во државата. Ние, можеби, ќе ги пребродиме овие проблеми на безбедносен план. Можеби во тој поглед и ќе ја сочуваме државата. Меѓутоа, државата ќе ја изгубиме на економски план.

**ЉУБИСАВ ИВАНОВ ЅИНГО**: (продолжение)

Мислам дека потполно не постојат проценки во каква состојба се наоѓа економијата. Ако се има во предвид дека тука се одвива војна, вооружени дејствија, тогаш на сите треба да им биде јасно дека купувачите на нашата стока од Европа, Америка, западни, источни земји итн., тие се повеќе ги откажуваат нарачките во нашава држава, ги откажуваат затоа што немаат сигурност дека ќе им биде испорачана стоката, затоа што ова е ризично подрачје. Не само тоа, туку и оние кои што испорачуваат репроматеријали сега повеќе не ги испорачуваат, ако претходно не се плати. Плаќањето однапред страховите ја оптеретува нашата економија и ја исцрпува, затоа што нашата економија не располага со обртни средства. Значи тој пазар на кој што почивавме ние и каде што извезуваме станува се порестриктивен во однос на нас. Понатаму, ние веќе пазарот во Косово го губиме. И тој падна некаде за преку 70% заради несигурните транспортни патишта. Пазарот во Македонија падна за преку 60% затоа што луѓето веќе само ги трошат средствата за храна. Се ограничи обемот на трошење на средствата. Пазарот во околните земји исто така се повеќе се намалува поради нивните економски состојби во тие земји. Уште повеќе се усложнуваат работите што нагло пораснаа каматите, што банките веќе не инвестираат во производните организации, што банките бараат сигурни средства за отварање на акредитиви. И покрај таквите состојби стопанството некако и можеше да прифати зголемување данок на финансиски трансакции, имајќи ја во предвид безбедноста на државата и сочувувањето на државата. Ама стопанството очекуваше огромни рестрикции во потрошувачката надвор од стопанството.

Јас посебно го ценам министерот за финансии, меѓутоа не очекував вакви оправдувања за потрошувачката надвор од стопанството. Ние треба се да замрзнеме, што значи инвестиции во нестопанство. Ние тоа треба да го издржиме за овој период од 2, 3, 4 месеци. Без многу од тие работи ние можеме и ќе преживееме без тоа. Нас ни требаат компјутери, но мораме ли сега да ги купиме, ние треба да градиме, можеби и да купуваме амбасади, ама сега ли да купуваме. Прво, не ни требаат амбасади. Мојот став и ставот на мојата партија е највеќе 5,6 амбасади во светот. Ние се расфрливме како да сме Америка. Овој буџет мораше да има страшен рестриктивен карактер по сите основи, по сите полиња. Ако во стопанството не можат да се земат по 3, 4, 5, 6 месеци лични доходи, тогаш во вонстопанството ќе мора да издржи на овие основи и принципи. Зголемувањето на средствата за лични доходи доаѓа како резултат на огромното примање по сите институции на нови вработувања. Тука да не се лажеме. Според тоа, судбината на земјата мораме сите да ја поднесеме подеднакво и сите подеднакво да го поднесеме тој терет. Неинвестирањето во стопанството длабоко ќе се одрази во технолошката опременост и во конкурентноста на стопанството. Дури и тоа да го заборавиме за овие месеци, меѓутоа да одиме да инвестираме вон стопанство, па нека е тоа и за инфраструктура, па нека е тоа и за патишта, и за водоводи итн., во ова време тоа не смее да се прави. Според тоа, средствата кои што се предвидени од Телеком и незнам од каде итн., тие треба засега да се смрзнат и да не се троши во тој правец. Тоа е поделбата на теретот подеднакво на сите граѓани во државата. Јас знам дека е голем проблем да се нема вода, јас знам дека е голем проблем да се нема пристап, да се нема патишта, меѓутоа ако сме можеле до вчера, можеме уште и за 3, 4, 5 месеци па нека биде и до крајот на годината тоа да го поднесеме. Инаку, ваквиот однос кон таа потрошувачка во која не сакам да навлегувам детално, околу тоа зборуваше и професорот Таки Фити. За мене е неодговорен однос спрема својата

земја и држава. И ние ја сечеме гранката на која што треба да седиме, ја уништуваме до крај економијата. Како да не сме свесни дека таа економија така уништена и таква каква е, ако не ја подупреме утре тешко ќе ја воскреснеме. И барам во тој поглед денеска да расправаме за ребаланс на буџетот, меѓутоа да не донесуваме одлука. Владата да седне уште еднаш и да ни поднесе еден ребаланс на буџетот во кој потполно ќе се елеминира непотребната потрошувачка и непотребното реализирање на средсства за овој период од 4 - 5 месеци за да сите подеднакво овој терет го понесеме. Инаку, нема работа која што не може да се оправда, за која што не можат да се изнесат аргументи, меѓутоа тие аргументи стојат на стаклени нозе.

**ЗВОНКО МИРЧЕВСКИ:**

Има збор г. пратеник Илија Илоски.

**ИЛИЈА ИЛОСКИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани колеги пратеници, почитуван министер, се надевам дека иако материјата е многу обемна, ќе бидам краток и транспарентан во она што сакам да го кажам по повод ребалансот на буџетот на Република Македонија за 2001 година. Се потврдува онаа теза на Социјалдемократскиот сојуз од минатите седници дека сепак требаше во пакет да се расправа по денешната материја, имајќи ги во предвид претходно доставените документи за ребаланс на буџетот на Република Македонија само по однос на приливот на средства од Телекомот во државниот буџет. Денес навистина е добро што имаме прилика конзистентно да ја разгледаме оваа материја, бидејќи во приходната страна ги имаме инкорпорирано и приливите на средствата од продажбата на Телекомот кои се наменети за потрошувачка во 2001 година, како и оние резерви од вишоците од буџетските приливи во 2000 година. Од друга страна и приливот по основ на неодамна воведениот данок на финансиски трансакции, или т.н. воен данок. Затоа можеме од еден постручен аспект да ја разгледаме целата оваа материја и да дојдеме до некои заклучоци за да на крајот на краиштата да изгласаме ребаланс на буџетот кој најпозитивно би се одразил на севкупните економски текови од една страна, а од друга страна битно би влијаел врз зголемување на ефикасноста на одбрана и заштитата на државата, имајќи ги предвид овие неприлики во кои се наоѓа Република Македонија. И затоа е добро што тогаш министерот прифати, еве денес во пакет ги имаме сите овие претходно спомнати параметри за да денес расправаме поконзистентно и да имаме поконзистентен приод кон севкупната материја.

Се надевам дека од сите присутни пратеници без разлика на политичката припадност во Парламентот на некој начин е за поздравување што се прави еден ваков воен буџет со овој ребаланс, а сето тоа е притиснато, притиснати сме и ние како пратеници, а и граѓаните на Република Македонија од актуелната безбедносно политичка ситуација и мислам дека сите ќе се согласиме дека сепак треба денес да го изгласаме овој ребаланс во функција на зголемување на приливот во срддствата на двете ресорни министерства кои ја крепат одбраната на државата, а тоа се Министерството за одбрана и Министерството за надворешни работи. Навистина е дегутантно сега да се спомнува кој и зошто ја довел државата во оваа ситуација. Можеби во некои помирни времиња треба како пратеници да проговориме за тоа, меѓутоа мислам дека треба да дадеме поддршка на еден ваков Предлог ребаланс на буџетот. Иако навистина имам голем број забелешки, дозволете да се осврнам само на неколку каде што гледам и други извори на средства освен оние од Телекомот, од буџетските вишоци од 2001 година како и од т.н. воен данок, или данокот на финансиски трансакции.

Мислам дека во излагањето на г. Таки Фити беше спомнато дека ако се погледне расходната страна на предложениот документ т.е. на ребалансот на буџетот од вкупно 120 буџетски корисници може да се забележи дека имаме минорни заштеди во тие сектори само кај 40-тина и тоа од тие 40-тина е5% се некои ситни незначителни заштеди кај основните судови во Република Македонија. Од друга страна не да немаме заштеди, не да немаме она што го баравме минатата седница дека другите сектори треба да го стегаат каишот во вакви ситуации, а не да се наметнуваат нови давачки, или да се трошат пари од Телекомот на пример кои се печалени цели 50 години од низа генерации во оваа држава. Тоа навистина не е направено, меѓутоа загрижува уште повеќе фактот што во одредени сектори, не се многу големи, меѓутоа се за посочување имаме дури зголемување на јавната потрошувачка. Како најеклатантен пример за ова посебно што го кажувам би ги посочил Царинската управа на Република Македонија и Министерството за транспорт и врски. Навистина е несватливо кога сите стрепиме за судбината на нашата држава да имаме зголемување на трошоците за цели два

милиони германски марки кај расходите на Царинската управа, а визави тоа му правите ребаланс и на приходната страна и му го покачувате годишниот буџет од 162 милиони 584 илјади денари на 239 милиони 430 илјади денари, или за цели 2 милиони германски марки. И ако се погледа низ аналитичките конта на буџетот во разделот кај Царинска управа на Република Македонија се гледа дека сите овие 2 милиони марки одат за зголемување на основните плати и наемнини. Ако натаму се следат аналитичките конта зошто е тоа така направено, се гледа дека доаѓа до чисто зголемување на просекот на платите на вработените, или на нов број на енормно висок број на нови вработувања што отскокнува од она што ни се предлага во тие општи да речам објаснувања кои ги предлагате кон оваа економска материја каде што знаеме на кој начин се ограничува јавната потрошувачка во сегментот на нови вработувања и зголемување на платите во јавната администрација. Така што непримерно е, дури е навистина жалосно што имаме процес на зголемување на овие расходи во еден сегмент од државата. Меѓутоа, господине министре сакам да ве потсетам, вие сте министер за финансии, овој ресор е токму по новиот Закон за Царинската управа е под директна вертикала на ваше раководење и управување со царината, а не е како порано директорот да биде биран од Парламентот, па да се створа некој јаз, значи под директни ваши ингеренции и дозволете лично вас да ве обвинам за еден ваков тренд, иако и цела Македонија знае дека таму се наоѓа еден голем партиски моќник на кого навистина вие апсолутно не можете ништо да му направите. Меѓутоа мора да поведете сметка за тоа што се работи за енормно висока цифра на расходната страна во тој сегмент.

Исто така, е пример за посочување, зголемување на трошоците за плати, за основни плати и наемнини кај Министерството за транспорт и врски за цели 500 илјади германски марки. Сега да не одиме во ситници, тоа може исто како и кај царината да се пресмета колку се тоа нови вработувања, ако се земе просекот во државната администрација. Значи имаме пробивање, наместо она што го посочувавме на минатата седница дека во една ваква ситуација сите други сектори во државата би требало да го стегнат каишот и да се откажат од некои задоволства и тие пари да ги пренасочат во двете ресорни министерства кои се клучни за одбраната на државата т.е. во Министерството за внатрешни работи и во Министерството за одбрана. Затоа дозволете да искажам јавен протест дека со овие неколку посочени моменти не се согласувам и би требало повеќе да поведете сметка што треба да се направи за да не дојде до оваа ситуација што дошла. Така доаѓаме до една навистина апсурдна ситуација од народот повторно да наметнуваме даноци се во функција на одбрана на државата. Значи народот повторно треба да го плаќа цехот, а од друга страна одредени ресори да си земат комоција не да ги намалуваат, напротив да ги зголемуваат своите расходи и доаѓаме до еден апсурд кој е познат под една максима која вели дека патриотизмот е привилегија на богатите, а обврска на сиромасите. Затоа не може некој да беснее во државава, а други таму да се жалат дека денеска немаат основни средства, да се прави она што се прави на линијата на одбрана на државата.

Сега посебно би се задржал во оној сегмент што се нарекува прилив од продажбата на средствата на Телекомот. И затоа беше ставот на СДСМ на таа седница кога беше само оваа материја посочена како предмет за ребаланс на буџетот, да укажам на неколку битни моменти кои навистина се загрижувачки. Бидејќи вие во вашето образложение викате дека анализите ви покажале дека оптималното искористување на овие приходи, се мисли на средствата од Телекомот може да се постигне доколку истите се употребат за отплата на странскиот долг на државата, реформа на пензискиот систем и инвестиции во јавниот сектор, со што како економист потполно се согласувам.

Меѓутоа, дозволете од последниот сегмент што го спомнувате дека би било добро овие пари на овие три сегменти да се трошат во делот на инвестиции во јавниот сектор. Имате предочено десетина критериуми по кои сте го направиле тој избор каде и како да се потрошат тие средства во делот што го нарекувате инвестиции во јавниот сектор. И тука викате дека со вложување на овие средства во јавниот сектор ќе се зголеми значењето на економскиот развој, би имало влијание врз намалување на сиромаштијата, влијание врз вработеноста, придонес за регионалниот развој, стапка на профитабилност, долгорочни заштеди на Буџетот на Република Македонија итн., да не ја читам оваа теорија. Меѓутоа, по мои длабоки убедувања, а би ви предочил и неколку аргументи околу ова што сега го тврдам. Воопшто се работи за неприменување на

никакви критериуми, напротив ова е чисто политичка поделба на двата коалициони партнери пред формирање на широкото коалициони мнозинство т.е. на ВМРО-ДПМНЕ и ДПА.

Дозволете сега ова што го говорам да го поткрепам со неколку аргументи. Од вкупно 130-тина милиони марки што се предвидени да се потрошат по сите овие основи и критериуми, дозволете да се задржам само на делот од 35, 36 милиони марки кои се трошат преку два ресори т.е. преку единиците на локалната самоуправа, преку Министерството за локална самоуправа и преку Фондот во Агенцијата за неразвиени подрачја.

**ИЛИЈА ИЛОСКИ**: (продолжение)

На разно разни инфраструктурни проекти во овие два ресори во државата, г. пратеници, конкурирале вкупно според мојата пресметка што ја имам во претходниот момент кога ни ја доставивте состојбата со средствата од Телекомот конкурирале 58 општини. Од вкупно 58 општини кои конкурирале се одобрени 34 милиони марки средства за инфраструктрни потреби, за водоводи, канализации, одводи, трафостаници и тн. Средствата се поделени во 30 општини каде градоначалниците се од ВМРО-ДПМНЕ во висина од 15, 5 милиони марки. Во 20 општини каде што градоначалниците се од ДПА во висина 15,7 милиони марки, што значи ДПА успеала во таа меѓупартиска спогодба да си подели 200 илјади марки повеќе од ВМРО-ДПМНЕ и само 8 општини од сите што конкрурирале од СДСМ добиле 2,8 милиони марки, од кои мора да се посочи дека во структурата на износот од 2,8 милиони марки поделени на 8 општини каде што се градоначалници од СДСМ 90% се однесуваат на средства на заштита на Дојранското Езеро, на што немаме ништо против, со една забелешка дека сепак тоа не е локален туку национален туку државен проект. Затоа, дозволете да кажам дека овие аргументи се доволни за да ве убедам во фактот дека денес треба длабоко да се замислиме дали оваа распределба каде што барем во делот на инфраструктурните потреби на населението во РМ е испочитуван барем еден единствен принцип од овие 10-тина што ги набројувате во образложението по ребалансот, а тоа е територијалниот принцип и редистрибуција и реалокација на средствата, секој барем по малку да добие. Инаку, претходно стана збор дека повеќе добивале опш-тините во западна Македонија, помалку во Источна Македонија, што исто се гледа во таа распределба дека тоа е така, а јас се погрижив и ја направив оваа анализа поподробно, така што сликата околу распределбата на средствата од Телекомот во делот на инфраструктурните потреби на населението преку локалните единици и преку Агенцијата за неразви подрачја е таа што ја прочитав. Ако тоа не е така, ве молам кажете поинакви аргументи.

Од тие причини, сведоци сме дека сега имаме најмалку 500 амандмани поднесени до денес од вчера откако почна тој процес на поднесување на амандмани имаме поднесено повеќе од 500 амандмани и јас незнам како воопшто би излегле од оваа амандманска расправа за да можеме на некој начин во расправа во овој Парламент во еден разумен рок да ги донесеме измените на ребалансот на Буџетот на РМ. Отпосле сме сведоци дека кога се формира поширокета Владина коалиција дека и од самата Влада имаме одредени амандмани кои беа поднесени, каде од одредени позиции се зема,на одредени позиции се дава, меѓутоа, навис-тина се добива еден впечаток дека имало навистина еден несериозен прис-тап кон оваа материја, иако се работи за пари собирани од граѓаните како што спомнав пред малку цели 50 години и барем секој има право да ја почувствува таа благодет од тој колач од продажбата на телекомот. Сега не би се навраќал тука, имам поднесено неколку амандмани и би се вклучил после во амандманската расправа. Меѓутоа, г.министре, вие сте првиот човек на ова Министерство, размислете подобро, можеби е добар предлогот и на г.Иванов дека можеби ви е потребна уште една пауза да го разгледате Предлогот за ребаланс на Буџетот и на некој начин да из-лезете со поквалитетна материја во оние делови каде што посочив дека дури се правени некои девијантни појави од страна на владата, поднесена до пратениците.

**ЗВОНКО МИРЧЕСКИ:**

Има збор министерот за финансии Никола Груевски.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Би сакал да дадам неколку објаснувања во врска со дискусијата на г.пратеник.

Беше спомената царината и дека таму се зголемени пари за плати и дека има нови вработувања. Морам да го демантирам тоа. Се работи за следното. При проектирањето на Буџетот се планираше дел од средствата за плати да одат преку т.н. сопствени приходи на царина, кои се планираа во

определен износ. Но тој износ заради постоечката состојба и намалениот увоз во земјата не се оствари и тој износ мора да се надомести од средствата на Буџетот. За такво нешто се работи во овој случај.

Слична е состојбата и кај Министерството за транспорт и врски, значи нема ниту некои нови вработувања, ниту покачувања на плати или на тоа слично, а обврските во однос на реформата ги исполнија целосно со намалување на администрацијата.

На почетокот спомнавте дека сум кажал дека дел од овие средства од Телеком ќе се користат за враќање на долгови, трезорскиот систем и тн, што е точно, затоа што само 1/3 или околу 1/3 од средствата од Телеком денес ги внесуваме во буџет со намера да се инвестираат во здравствениот сектор, Секторот за здравство и патишта и тн, додека има остаток од други пари од кои дел се чуваат за користење кога ќе се имплементира новиот пензиски систем, затоа што неговата природа е таква што во првите години ќе мора да има поддршка. На тоа ни укажаа сите мегународни институции и сите експерти за ваков вид на пензиски системи, во првите години ќе мора да има додатно финансирање на сегашниот пензиски фонд, за да може дел од средствата да се наменат за новиот пензиски фонд. Тука нема ништо спорно, барем досега, од сите служби , од сите експерти и тн, така што на тоа се мислело кога зборував, значи не на овие средства, на остатокот на средствата од Телеком.

Сакам нешто да демантирам.

Вие сте направиле некоја анализа, што имате право да ја направите, во кои општини кој градоначалник од која партија е и како се поделени средствата. Јас ве уверувам дека средствата ги делевме според приоритетот и во тоа во голема мерка учествуваше меѓународната заедница, затоа што во многу држави кои се во транзиција, нови држави и тн, се случувало да исчезнат такви пари. Тие имаат и такво искуство, да се продадат телефоните и парите да ги нема после. Од тие причини, со продажбата на Телеком, бидејќи сеуште не вбројуваат во мали држави, транзициони и тн, тие побараа да бидат инволвирани. Се работи за ММФ, Светската банка, УСАИД и тн, и за секој проект даваа мислење , па така имаше проекти кои поминае со висок приоритет или само приоритет или среден приоритет, низок приоритет, а имаше проекти за кои ни напишаа одговор ова да го заборавите. Нормално, ние моравме и тие совети да ги земеме предвид и нашите локални потреби, па заеднички да дојдеме до една група на проекти. Отпосле ако се направи анализа како тие средства се поделени по општини, кој градоначалник на која партија припаѓа, ќе видиме некој резултат како што вие го кажавте, но незнам, не сум ја направил таа анализа. Меѓутоа, сакам да ве уверам дека во процесот на избирање на проектите не се тргна од таков аспект, туку се тргна од аспект на приоритети за земјата.

**ЗВОНКО МИРЧЕСКИ:**

За збор се јави повторно пратеникот Илија Илоски.

**ИЛИЈА ИЛОСКИ:**

Само кратка реплика на г. министер.

Видете г. министер, вие кога ги проектирате буџетските приходи и расходи однапред знаете при фиксен број на вработени и при однапред познати параметри кој колку плата зема колку ви се потребни средства и во Разделот за плати и на основни плати на Царинската управа сте го ставиле тој износ, а изворот на приходи не е битен, дали тоа ќе бидат средства од Буџетот или од сопствените приходи. Овде евидентно дека за цели 2 милиони марки ги зголе-мувате платите на вработените во Царинската управа со овој ребаланс на Буџетот. Дали досега се примени луѓето, дали наредните шест месеци ќе се примат луѓето јас навистина незнам, или директорот си дозволил луксуз, како го дал господ него што си дозволува луксуз две -три години наназад, да си дели кога ќе му текне и какви сака плати на тие вработени таму. Тоа е факт, вие добро го знаете.

Второ, убеден сум до крај, а веројатно низ амандманската расправа тоа ќе го потврдат пратениците и од вашата пратнеичка група, дека ова е политички договор од периодот пред формирање на новото широко владино политичко или незнам како да го наречам мнозинство, каде што се седнати само два партии, ВМРО-ДПМНЕ и ДПА и си ги имаат поделено средствата, барем во локалната инфраструктура онака како што прочитав, 15,7 милиони земале градоначал-ниците од ВМРО-ДПМНЕ, 15,7 милиони си земале градоначалниците од ДПА. Другите како живи да не постојат на географска карта на РМ. Она што тие општини од СДСМ го земале е финансирање на Дојранското Езеро, што како голи бројки јас што ги знам, а други информации немам, како што ги имам вака во оваа распределба, навистина не-може да донесам никаков друг заклучок освен дека тоа бил некој политички дил меѓу двете партии. Тоа го потврдувам со фактот што

отпосле откако се формира новото владино мнозинство и самата Влада имаше поднесено одредени амандмани во смисла на прераспределба на веќе еднаш поднесената распределба во овој сегмент. Не е случајно ова што го спомнав дека 500-тини амандмани токму  во тој сегмент ве очекуваат утре да ги браните или да ги прифаќате.

Би била погубна варијантата ако влезете во тоа дека однапред, а имам информации дека така се направило , однапред со некои пратеници се имате договорени-поднесете таков амандман, од оваа позиција нема, би ве прифатил, вие кажувате овде согласно Делов-никот за работа на Собранието дека тоа е составен дел на законот што го донесуваме денес за ребаланс на буџетот и автоматски немаме право ни да гласаме после, ни да се надгласуваме. Значи, јас би ви советувал да обрнете внимание, бидејќи е направена чиста биполарност во користење на средствата како политички договор на тие две партии. Во меѓувреме знаете дека и целокупната ситуација во политичка смисла во РМ е изменета, затоа бараме тој закон да се врати на расправа повторно во Владата и таму ресорните министерства во рамките на новиот состав навистина да ни понудат еден поквалитетен предлог. Дозволете сега да кажам, но немојте да мислите дека на секое ваше кажување ставам забелешка денес, меѓутоа, секогаш кога немате одговор се повикувате на Меѓународната заедница. Демек, Меѓународната заедница ви кажала, во западните општини на Маке-донија 15,7 милони марки да дадете и тоа е закон секогаш што ќе каже меѓународната заедница овде кај нас, дури и за вакви ситни инфраструктурни и локални проекти, што не верувам во тоа.

И второ, веќе кога реплицирам да кажам, после да не станувам , на г. Таки Фити му одговоривте иако се работи за мебел, се работи за друго, би требало да одговорите, се знае дека вие во текот на оваа фискална година имате купено блиндиран џип, а во Министерството за финансии пишува-купување на моторни возила, бо Буџетот за 2001 година позиција нула, во ребалансот нула. И сега ќе ве прашам од каде го плативте џипот, ќе ми кажете тоа е нешто друго. Ние сме пратеници и за секоја бројка треба да иамаме точни сознанија. Еве го овде тој лист, каде што по раздел 46 од стапката 464-Купување моторни возила, вели Буџет нула, ребаланс за 2001 година нула, освен ако џипот не е моторно возило па по некоја друга ставка да бараме. Така, мора да изелезете со чисти бројки за да бидеме свесни сите за што гласаме. Инаку, генерално кажав не станува збор, ниту јас ниту пратеничката група на СДСМ да гласа за еден ваков ребаланс на буџет, иамјќи ја предвид актуелната безбедносно политичка состојба во Македонија.

**ЗВОНКО МИРЧЕСКИ:**

За збор повторно се јави министерот Никола Груевски-

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Би сакал да одговорам на неколку работи што пратеникот Илија Илоски ги кажа. Еве, ќе почнам од крајот.Џипот е купен од безбедносни причини, се работи за блиндиран џип, купен е од сопствените приходи на Министерството за финансии.

**ИЛИЈА ИЛОСКИ:**

(без уклучен микрофон)

Треба да го прикажете на расходната страна.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Не пишува се што е потрошено во буџетот.

**ЗВОНКО МИРЧЕСКИ:**

Ве замоувам да бидете парламентарни.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Сме купиле и пенкала, моливи, сите работи да ги наредеме овде?

Тоа е едниот момент.

Вториот момент е, уште еднаш ви тврдам дека ова што го гледате како зголемување на плати во царина не значи зголемување на платите ниту примаше на нови вработени, туку токму она што ви го кажав. Во овие шест месеци во царина или не се примени нови вработени или е примен незначителен број од пет или шест вработени или неможам со сигурност да знам, но знам дека, или никој не е примен или се примени многу малку, тоа значи неколку, бидејќи на некој  начин има договор меѓу министрите или на некој начин дури и забрана да не се зголемува државната администрација ниту пак се планира до крајот на годината некое посериозно примање. Повторно велам можеби еден двајца или петорица ќе отидат во пензија некој ќе напушти работа, ќе отиде на друго работно место, може да се случи такво нешто но некоја посериозна бројка за која што вие зборувате нема односно за тоа не станува збор.

За средствата од Телеком останува тоа што го кажав, да не се повторувам. Вие упорно тврдите дека седнале две партии и

ги поделиле парите, јас би кажал дека не е баш така, но добро.

**ЗВОНКО МИРЧЕСКИ:**

Збор побара повторно пратеникот Илија Илоски.

**ИЛИЈА ИЛОСКИ;**

Видете г.министер, навистина ми е непријатно што често на економски теми влегуваме во реплики, меѓутоа морам најмалку заради нас овде 120 пратеници, поради јавноста да не останеме недоречени.

Вие потрошивте големи пари на реклами промовирајќи го во Македонија трезорскиот систем. Што значи трезорскиот ситем? Дури и од сопствените приходи ако потрошите било каков денар, не за пенкало, туку за игла да потрошите ќе мора на расходната страна да ја прикажата и како економист јас тоа го подразбирам до крај да го оголиме и вулгализираме овој случај околу трезорското работење. Тоа е трезорскиот систем, од било каде да капне во државата транспарентно да се прикаже во јавноста каде е потрошено.

Јас не спорам околу тоа дека вие сте поризична група од мене во поглед на безбедноста во овој момент, вас може и нашите да ве утепаат зашто не им давате пари и тн. Меѓутоа, би било добро во склопката каде што купувате возило да го прикажете купениот џип со толку и толку пари. Што можеме ние да ви правиме?! Вие имате мандат, не правите никакви прекршоци, тоа повеќе е момент на совес-ност или несовесност во работењето одколку некои псотапки да се покренуваат чсон вас. Меѓутоа, неможам да сватам велите и за секое пенкало треба да прикажам? Па да, вие имате ставка раздел во буџетот Канцелариски материјали каде што пенкала, гуми, моливи и др. прикажувате во тој раздел и кажувате дека се потрошени на промер 2000 марки за пенкала и др. Вие мора да го прикажете некаде како основно средство. Утре ако си одите од министерството веројатно нема дома да си го однесете и после вас некој министер што ќе биде ќе го користи. Затоа, треба да остане како основно средство, кога ќе се води во материјалното книговодство треба да се најде изворот од каде бил платен. Без разлика што сте вие првиот чувар на трезорот на Македонија , треба да работиме на овој принцип и начин за да ни биде полесно на сите. Инаку, воопшто не е спорно во оваа ситуација вие да имате џип. Јас ви го оправдувам тој потег ако ви е полесно. Меѓутоа, овде да ни давате лажни податоци во ставката моторни возила - нула биле планирани, нула ребалансирани, имавте период од шест месеци ако претходно сте ја завршиле таа трансакција да го прикажете сега како позиција и до крајот на годината да си стои најлегално и најлегитимно, без никого главата да не боли.

**ЗВОНКО МИРЧЕСКИ:**

Повторно има збор министерот Груевски.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Уште еднаш јас би сакал да се осврнам на некоја работа.

Прво, јас не сум видел буџет поднесен на Парламент во некоја држава со секое министерство, секоја ситница што ја купило да има псебна ставка. Има ставка опрема, има ставка канцеларсики материјал, така што така се води тоа. Не сум сретнал листови, тетратики, шајки и др. да се прикажуваат посебно. Такво нешто не сум сретнал.

Инаку, за џипот, џипот е на Министерството за финансии и е за министерот за финансии, не е за Никола Груевски. Несреќа има Никола Груевски што е министер за финансии во ова време сега со нарушена безбедносна состојба, па морал да премине кон таков чекор. Но тој џип е на Министерството за финансии, утре нема да биде Никола Груевски, ќе дојде друг, да не даде господ и на него да му треба, да не даде господ ситуацијата да остане како што е сега и тој ќе го користи во тој момент, ако не ќе го продаде.

**ЗВОНКО МИРЧЕВСКИ:**

Му благодарам на министерот Груевски.

Повторно за збор се јави господинот Илија Илоски.

**ИЛИЈА ИЛОСКИ:**

Тоа е толку очигледно. Да сте купеле десет коли, можеби во некоја стапка и ќе било сокриено. Сега толку транспарентно велиме нула планирано, нула ребалансирано. А цела јавност е оптоварена со вашиот џип месец дена station наназад откако сте го купиле. За тоа ќе и кажете на јавноста.Меѓутоа, одговорете ми мене како пратеник на прашањето што ви го поставувам во која позиицијa се наоѓаат средствата од уплатениот џип,или пак некој ви го поклони и тн. Јас да сум власт, а вие ваков министер сега како што ме прозивате јас не би донел закон ни три кила шајки да ги евидентирате.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Веројатно не ме слушна господинот Грујевски дека она за што зборуваме е купено од оопствените приходи на Министерството за финансии што не е сега предмет на овој ребаланс .Значи не е од буџетот туку од сопствените приходи. Ребалансот се прави само на буџетската сметка.

**ЗВОНКО МИРЧЕВСКИ:**

Господине Илоски јас мислам дека го искористивте вашето право за реплицирање, трипати се јавивте.

Некој од вашите колеги ако има да реплицира, нека повели. За збор се јави пратеникот Никола Јованов.

**НИКОЛА ЈОВАНОВ:**

Јас би сакал да кажам нешто околу овој предлог за изменување и дополнување на Буџетот на Република Македонија,во 2001 година.

Од експозето на министерот и од образложениeто во текстот, се добива впечаток дека има два вида главни моменти за ова. Тоа е безбедносната состојба и средствата од продажбата на Телекомот.

Што се однесува до средствата од продажбата на Телекомот, јас би сакал да потсетам, тука кога на една седница овде се расправаше за продажбата на Телекомот, многу од пратениците бараа средствата од продажбата на Телекомот, јавно, овде пред Собранието Владата да излезе со еден план, на кои проекти ќе бидат потрошени средствата. Мислам дека таква обврска тогаш и беше прифатена од страна на Владата За жал, помина еден извесен период од продажбата на Телекомот, а ова Собрание немаше можност да го види таквиот план. Тој ни е доставен сега со ребалансот. Така да, на некој начин сме ставени во ситуација, сега адхок да решиме за потрошувачката на тие средства кои се општо добро на секој граѓанин на Република Македонија. На некој начин јас би рекол имаме нејавно трошење на јавни пари.

По однос на употребата на тие средства, се спомнува дека еден дел од нив ќе оди за отплата на странскиот долг на државата, во реформа на пензискиот систем и инвестиции во јавниот сектор. И отплатата на странскиот долг на државата и реформата на пензискиот систем не се сегменти кои генерираат развој. Со тоа ќе се согласи и министерот. Околу реформата на пензискиот систем, се согласувам дека треба да се зајакне пензискиот фонд, бидејќи знаеме какви проблеми имаме таму со исплатата на пензиите. Ќе се согласите дека тоа не генерира развој. Меѓутоа, во овој момент тоа е ценето дека така треба и јас се согласувам со тоа.

Околу отплатата на странскиот долг на државата скептичен сум дали тоа требало на ваков начин да биде направено.

Што се однесува до инвестициите во јавниот сектор, тука се наведени некакви критериуми и јас би се осврнал на неколку од нив.

Пример, првио.т, на пример значење за економски развој . Ако поголемиот дел на средствата се потрошат во непродуктивни, би рекол проекти, незнам каков развој тоа ќе генерира.

Како втора точка тоа е наведено влијание врз намалување на сиромаштијата. Како ќе се смали сиромаштијата кога не се отвараат нови работни места. Белким нема само преку социјала да ја смалуваме сиромаштијата. Ако се планира само преку социјала да се смалува сиромаштијата, тогаш тешко нас.

Влијание врз вработеноста, реков, не се генерира издавање на нови работни места. Понатаму, средства околу регионалниот развој. Слушнавме овде расправија околу поделба на проектите на РМ. Тоа не е рамномерно.

Понатаму долгорочни заштеди на Буџетот на РМ. Мене не ми е јасно како ќе се генерирата долгорочни заштеди на Буџетот, ако овие средства на ваков начин бидат употребени.

Понатаму придонес за зголемување на ефикасноста на јавната администрација.

Понатаму, во самиот текст од Предлог на ребаланс на Буџетот се спомнува дека 4500 отпуштени од работа. Тогаш главно образложение беше економската заштеда. Меѓутоа во овој материјал што го добивме стои дека не ги даде очекуваните резултати, значи не е направена соодветна заштеда како што се очекуваше.

Луѓето се испуштени и тоа претпоставувам луге кои имале подолго време работно искуство во јавната администрација, а во мегувреме интензивно се вработуваат нови луѓе воглавном по партиска припадност.

Понатаму, се спомнува можноста за кофинансирање со средства од донации. Ние не видовме план, дека ако Република Македонија со срдествата од Телекомот вложи во овој или оној проект, па од меѓународната заедница ќе добие средства за дополнување на таквиот проект.

Единствено што можев да прифатам е важноста за безбедноста на земјата, бидејќи еден добар дел од средствата ќе бидат употребени токму за таа цел.Понатаму во оценката за втората половина од годината, на почетокот се спомнува дека во втората половина од годината се очекува заживување на стопанската активност и на почетокот се наведени ефектите од потпишаната спогодба за стабилизација и асоцијација и ефектите од потпишаните спогодби за слободна трговија со ЕФТА. Меѓутоа, тоа е под голем знак прашалник, ако ситуацијата се подобри во втората половина од годината. Значи тоа не ми е сигурен параметар кој треба да го земаме за толку сериозен параметар, бидејќи ако не се случи она што е наведено тогаш ваквите два договори нема нешто многу да и помогнат на РМ. Понатаму ефкети од веќе влезениот странски капитал по сите основи во процесот за приватизација. Има индиции дека странскиот капитал веќе бега од РМ, заради вкупната безбедносна состојба, се откажуваат и претходни аранжмани склучени со нашите фирми,а процесот на приватизацијата со домашен капитал, на сите ни е добро позната.Понатаму подобрени услови за пласман на некои наши производи. Тука е спомнато и јагнешкото месо. Мислам дека сумата која Република Македонија ја заработува од продажбата на јагнешкото месо е занемарлива сума во однос на вкупниот износ на стоки на РМ. Така да неможе да се спомнува како некаков главен акцент. Ако ја гледата пописнаста листа на Заводот за државна статистика таа се наога на седмо, осмо место. Понатаму, засилени активности сврзани со обновата ан оштетените објекти во подрачја зафатени со воени дејствија. Ќе ве молам, претпоставувам дека ќе биде на сметка на државата. Таквите објекти ќе се реновираат, веројатно, со државни пари. Според тоа неможеме да зборуваме дека тоа е некаков инвестиционен циклус. Во почетокот на преговорите со ММФ се заговараше поголема стап-ка на бруто домашниот производ, за на крајот таа да се сведе на околу 2, односно 2,5% колку што и ММФ ја претпоставуваше. Тука е и порастот на инфлацијата; од 4%, наместо проектираните 2,2%. Меѓутоа, дали е техничка грешка, во истиот материјал што го имаме кај текстот за Фондот за здравствено осигуруваше се спомнува друга ставка на инфла-ција мислам 5 или 5 кома нешто. Претпоставувам дека е техничка греш-ка затоа тоа е и неусогласено. Понатаму, она што загрижува, а што е во колизија со она за подобрени услови за пласман на некои наши значајни производи. Тоа е намалување на извозот на стоки за 3%, наместо предвидениот пораст од 14%. Значи на ваков начин се предвидува смалување на извозот за цели 17%, при што се задржува, нивото на увозот, на ниво од 2000 година, без пораст. Ако во моментот имаме покриеност на увозот со извозот од 70%, тоа значи дека овој параметар и понатаму ќе се влошува заради тоа што извозот на стоки ќе се намалува. И уште би спомнал, што се однесува до самиот предлог на Буџетот она што министерот го кажа во своето воведно излагање. На приходната страна изгледа дека имаме намалување на ставките по основ на персо-нален данок, данок од добивка и тн, што министерот добро го објасни и мислам дека тоа е еден од знаците за рецесија,>што би рекле, на економијата на РМ. Во даночните приходи јас би спомнал зошто стапката, донации од странство е помала од претходната. Дали Република Македонја воопшто не предвидува с'редства по основ на некаква донаторска конференција, да обезбеди средства.

Дали тоа како можност однапред е анулирано?

Кога ќе го гледаме пак балансот на расходите, никаде не видовме барем досега јас не сум сретнал податок, колкава сума на пари РМ изгуби од својот буџет, по основ на приватизацијата со дисконт до 90 и повеќе посто на претпријатијата кои се продаваат. Колкава е су-мата за реклами од Министерството за финансии, а по основ на тоа и возачи стануваат акционери во банка.

Понатаму во билансот на расходи, патните и дневни трошоци кои се енормно зголемени. Да веруваме дека тоа е заради припадниците на безбедносните сили, на кои треба да бидат исплатени тие надоместоци. Меѓутоа, потоа стои стапката 423, материјали, која е исто така петострукo зголемена, од 2 милијарди на 10 милијарди.

Понатаму она што беше спомнувано мебел и канцелариска опрема за која добивме некакво објаснување од министерот, што морам да кажам за мене е неуверливо.

Купување на градежни објекти, исто така драстично зголемена стапка. Би сакал да ми објасни министерот со какви тоа објекти стап-ката е зголемена, по основ на купување на градежните објекти. Купување на моторни возила, имаме исто така драстично зголемување на стапката. И една стапка 467, изградба, реновирање и унапредување, каде од милијарда и нешто имаме 3.315.000.000 денари.

Исто така и по основ на основното и специјално одржување каде имаме двојно зголемување на средствата. Сето ова сугерира дека јавната потрошувачка и натаму е висока во однос на бруто домашниот производ. Според некоја математика излегува дека е 40%.' Ако знаеме дека лимитот е 25%, овој процент нависти-на загрижува. Од друга страна зголемувањето на ексонтната стапка, порастот на каматите на кредитите и тн. Сето тоа зборува дека ние ќе влеземе во економска рецесија. Ако има можност јас уште еднаш би апелирал овој буџет наново да го разгледа Министерството за финансии, одново да изврши прераспределба на парите од Телекомот и особено да има една рестриктивна компомента во овој период. Тука се согласувам со колегата Иванов, една рестриктивна компонента во овој период додека не ја пребродиме оваа криза, а понатаму повторно може да се направи еден план и распоред на трошењето на средствата од Телекомот. На ваков начин овој предлог на дополнување на Буџетош за мене е неприфатлив.

**ЗВОНКО МИРЧЕВСКИ:**

Му благодарам на пратеникот Никола Јованов.

Збор побара пратеникот Слободан Даневски.

**СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:**

Почитувани дами и господа пратеници, господине потпретседателе, господине министре,

Денес расправаме за една материја која ги интересира сите граѓани, посебно и пратениците затоа што парите се еден чуден инструмент. Тие растураат држави,системи,бракови, фамилии, браќа, сестри очекувам дека ќе се расправа пожестоко затоа што се дели колачот, интересни се средствата и сигурно дека секој настапува малку локално, патриотски, секој сака да земе, иако, ако ги гледам оние наменски или ненаменски средства јас имам милион причини да бидам против носење на овој буџет . Дежурен кривец за ова денес што ни се случува е Телекомот.

Сега ме иритираа некои колеги пратниеци затоа што, сведоци сме дека тие што го критикуваа проектот Телеком, тие што не убедуваа дека тоа е најголемата измама, најголемата превара, дека оваа Влада најмногу ќарела и ќе ќари сега тие истите го бранат овој проект, кога станува збор за распределба на средствата.

Денес граѓаните на РМ не им веруваат на политичарите, не им веруваат на медиумите, затоа што дел од новинарите се корумпирани, дел се на списокот на ОНА. Луѓето веруваат само за она што ќе ни се случи, ако слушнат на вестите дека некој загинал или е ранет. Тогаш велат, да ова е вистина. Ако загинел некој војник или припадник на АРМ тоа е вистина. Кога станува збор за Телекомот од група пратеници на СДСМ се водеше жестока кампања; јас бев еден од тие што бранев, дека проектот Телеком е добар и дека е најпогоден момент сега да се продаде Телеко-мот. Имаше доста дискусии, неаргументирани. Мислам дека неможеме да го избегнеме тоа, тука се стенографскtие белешки ќе ги извадиме. Овие гласноговорници што тогаш критикуваа сега ги нема. Очекувам дека ќе се јават, па малку да искоментираме, затоа што тогаш се тврдеше дека Телекомот оди џабе, дека тоа е златната кокошка која ќе носи златни јајца. Но знаете животот е чудна работа. Се сврте политиката во светот Сега во целиот свет паднаа акциите на Телекомот. Во моментот ако ние го продававме Телекомот, прво немаше никој да го купи, ризично подрачје и нема никој да инвестира. Во моментот Телекомот ќе одеше не повеќе од 200 милиони ДЕМ, а ние замислете земавме 1.400.000.000 ДЕМ. И тие што го критикуваа, како и вториот проект,што го критикува сега СДСМ за давање на втор оператор, го критикуваа велат дека не е моментот, дека не треба да се чека затоа што не притискаат од Европа, дека мора да влезе втор оператот каде што ќе се земаат 50 до 60 милиони ДЕМ. Пак се критикува и пак ќе дојдат на говорницата и ќе зборуваме за распределба на средствата.

Ме иритираше господинот Илоски затоа што во времето некаде 1995 - 96 година кога се распределуваа, а тој работеше на друг проект, работеше во царината. Јас да ви кажам госпдине Илоски, јас тогаш бев пратеник од општина Свти Николе и за тие пет, шест или десет години ние не добивме ништо и еве преживеавме и ние во Свети Николе. Можеби и сега нема да добиеме ништо пак ќе преживееме. Сакам да ви кажам дека се повторува истата слика. Неможете да кажете едни општини така други вака. Таква е политиката. Кој е на власт тој ќе го дели колачот. Минатата година имавме суфицит, оваа година имаме дефицит, некаде 15 милијарди или една третина од вкупната маса на средства. Сега се поставува прашањето како ќе ги надомполниме тие средства. Еве телекомот ќе го потрошиме, ќе обезбедиме и втор оператот и тоа ќе го потрошиме,

стопанството ни е во колапс. Сега од каде другите пари. Она што ни се случува уште полошо, ако имаше еден сигурен извор, тоа беше изворот за продавање на општествениот капита. Незнам од кои причини некој си зема за право, ја стопира Агенцијата за продажба на капиталот и тој сигурен извор, Агенцијата ги продаваше акциите на берза и тоа се стопира. Оваа широка коалиција мислам дека е коалиција за пропаст на Македонија. Нема никакви ефекти оваа широка коалција. Еден со друг се удираат, еден на дргу подметнуваат сопки. Се работи како Македонија да е веќе растур систем, дека Македонија веќе не постои, Македонија ме поделена. Немојте така господа. Македонија ќе си опстои и треба да се сработи оваа работа. Немој да мислите дека овие партии се најпаметни и се собрале пет-шест врачари во Македонија и ке ја поделат Македонија. Неможе таа работа. Треба рационално да се седни и да се види што ќе правиме ние со Македонија затоа што ова тело тргнало и како што оди работата нас сигурно ќе не удри и повторен удар без разлика колку да се стега. Сега ќе биде успешноста на Македонија колку може да обезбеди средства дали ќе имаме донации, дали ќе добиеме некои кредити, затоа што буџетската дупка станува црна дупка и таа ќе се проширува. Македонија не е спремна, во овој момент секојдневно троши милиони марки за она што и се случува во липковскиот крај,во Тетово тоа што ни се случува. Секој ден Македонија влегува во дубиози. Тоа треба некој да го покрие.

**СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:**

Кога станува збор за распределбата, да зборуваме локално патриотски, распределбата на средствата ако се гледа по бројките и цифрите во западниот дел е многу, многу повеќе. Јас доаѓам од една сиромашна општина и би го замолил министерот да дојде со мене, да види во кои услови живеат, да види каква е инфраструктурата, да види какво е водоснабдувањето, да види дали има општи услови за живот во Свети Николе. Ние имаме околу 50-тина села, а ни едно село не е третирано. Јас прифаќам, ако е тоа политиката, ако сите средства треба да одат за безбедносните структури (полиција, војска), прифаќам во однос на тоа како ќе одат амандманите, јас така ќе се изјаснам, но ако министерот прифаќа некои амандмани, а не ги прифати моите, нема оправдување господине министре. Тука на говорница има да се "бориме" до сабајле, или ќе се прифатат сите амандмани, или ќе се замрзне целата политика, стоп комплетно за целата постапка да се обезбедат средства за војската, за полицијата. Како ќе оди оваа политика ако знаеме дека банките ги дигна кредитите, кредитната стапка е 25-26%. Ова можеби држи, нема некој да се задолжува, нема да зема пари, стопанството ќе размислува, но капиталот во државата мора да се врти.

Во однос на ова како ќе се одвиваат работите, јас ќе си го задржам правото пак да се јавам, имам амандмани, ќе се јавам за збор по однос на амандманите. Единствено оправдување ако сите средства се наменети за безбедносните структури, за војската и за полицијата на Република Македонија.

**ЗВОНКО МИРЧЕСКИ:**

Благодарам на господинот Даневски.

За збор се јави пратеникот Слободан Ќосев.

**СЛОБОДАН ЌОСЕВ:**

Благодарам господине потпретседателе.

Почитуван министер, почитувани колеги пратеници,

Прво, сакам да потсетам дека ребалансот на Буџетот што ни се нуди од Владата, како прво е усогласен скоро со сите политички партиципиенти од ова Собрание. Се согласувам со одредени забелешки, посебно на трошењето на средстдвата од "Телеком". Далеку поголем дел на средства ќе бидат потрошени во западниот дел на државата и затоа како прво, сакам да укажам дека во голем дел од градовите на источниот дел од државата во сферата на водоснабдувањето граѓаните проблемот го решаваат со институцијата самодопринос. Значи, овие трошења што се предвидени со ребалансот, средствата ќе бидат трошени за изградба на одредени проекти за водоснабдување кои го решаваат целосно проблемот за граѓаните од поедини општини, додека ова не беше случај во општините од југоисточниот дел.

Друго, ако ја погледаме состојбата на патната мрежа таа е неспоредлива во смисла на квалитетот, а средствата пак се делат по некој клуч кој е во корист на западниот дел на државата, што придонесува оваа разлика да се продлабочува во корист на западниот дел на државата.

Иста е состојбата во здравството и други сегменти од живеењето.

Затоа сметам дека министерот ќе има разбирање за поднесените амандмани.

Исто така, сакам да потсетам на економската состојба на граѓаните од југоисточниот дел на Република Македонија.

Ако погледнеме ..............

Господине потпретседателе, ве молам да ми обезбедите тишина.

**ЗВОНКО МИРЧЕСКИ:**

Почитувани пратеници, ве замолувам да обезбедиме ред во салата за да можеме да го сослушаме колегата Ќосев.

**СЛОБОДАН ЌОСЕВ:**

Благлодарам.

Ако ја погледаме состојбата на граѓаните во југоисточна Македонија, за ова сум укажувал на одредени претставници од Европа кои не посетуваат дека тие премногу се ангажирани околу животот и правата на делот на населението од Западна Македонија и ниту еден не дошол да види како живее граѓанинот во другиот дел од државата. Ниту еден не дошол да види колку труд вложува тој граѓанин, да погледне како тој граѓанин живее и егзистира денеска. Да погледа какви се неговите куќи, каква е неговата околина и тн.

Друго што сакам да истакнам е тоа што сакам да потсетам и да се задржам на делот на макроекономската политика, односно макроекономскиот план.

Сакам да истакнам дека суфицитот што беше остварен минатата година, средствата од "Телеком", поволните кредитни линии и грантови доколку ги употребевме во сферата на економијата, а не за воените цели што ни ги наметнаа балистичките банди од Косово и Северозападна Македонија убеден сум дека животот на македонскиот граѓанин ќе беше на едно пристојни ниво и сегашните дискусии ќе беа во друга насока.

Благодарам.

**ЗВОНКО МИРЧЕСКИ:**

Му благодарам на пратеникот Ќосев. Почитувани колеги пратеници, Во овој момент ја прекинувам 78-та седница. Дополнително ќе бидете известени за продолжението. Збор побара министерот за финансии, господинот Никола Груевски.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Господине потпретседателе, мислам дека нема повеќ дискутанти и добро би било да ја затвориме расправата, а потоа само да имаме амандмаска расправа, затоа што и ние брзаме за да може да се користат парите. Ако може барем да се затвори општата расправа, ако нема други дискутанти, а колку што знам дискусијата е некаде при крај.

Се додека ова не се усвои не можат никакви пари да се користат, во многу непријатна состојба се доведуваме. Парите се потребни за националната безбедност, за инвестиции и тн.

**ЗВОНКО МИРЧЕСКИ:**

Во ред е господине министре, меѓутоа во салата немаше доволен број на пратеници.

За збор се јави пратеникот Никола Поповски.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Јас за редовна дискусија сум пријавен, не по повод ова.

**ЗВОНКО МИРЧЕСКИ:**

За збор се јави пратеникот Златко Стојменов.

**ЗЛАТКО СТОЈМЕНОВ:**

Почитуван потпретседателе,

Сакам да интервенирам процедурално.

Сметам дека и така дигнитетот на Собранието е нарушен и сметам дека претставниците од Владата не см^ат и понатаму да се обидуваат да го водат Собранието и текот на Собранието. Мора да се однесуваат онака како што е предвидено со Деловникот и со закконите во државата и затоа сметам дека овој начин на однесување е непримерен и мислам дека треба претседавачот на Собранието да го води Собранието и да одредува како да тече седницата.

Благодарам.

**ЗВОНКО МИРЧЕСКИ:**

Ви благодарам.

Господине министре, почитувани колеги пратеници,

Имаме уште двајца пратеници пријавени за дискусија. Пред разговорот се договоривме да работиме до 18,00 часот и затоа денеска седницата ќе биде прекината, а за продолжението претседателот на Собранието писмено ќе ве извести.

Ве молам притиснете на едно од копчињата на системот за гласање.

(Седницата прекина со работа во 17,50 часот)